COUNCIL OF EUROPE CONSEIL DE L'EUROPE

Strasbourg, 16 June 2006

ACFC/SR/II(2006)004
/Macedonian version/

# SECOND REPORT SUBMITTED BY "THE FORMER YUGOSLAV REPUBLIC OF MACEDONIA" PURSUANT TO ARTICLE 25, PARAGRAPH 2 OF THE FRAMEWORK CONVENTION FOR THE PROTECTION OF NATIONAL MINORITIES

Received on 16 June 2006

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Министерство за надворешни работи**

# ВТОР ИЗВЕШТАЈ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО РАМКОВНАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА НАЦИОНАЛНИТЕ МАЛЦИНСТВА НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА

**Скопје, февруари 2006 година**

## Вовед

Република Македонија ја ратификуваше Конвенцијата на 27 февруари 1997 година. Како обврска во рамките на првиот круг на мониторинг на имплементација на Конвенцијата, Република Македонија го достави Иницијалниот извештај по Конвенцијата во септември 2003 година, по што следеше дијалогот со Советодавниот комитет, изготвувањето на нивното мислење, доставување коментари на Владата за Мислењето на СК, и усвојувањето на резолуцијата на Комитетот на министри на СЕ.

Вториот извештај на Република Македонија за имплементацијата на Конвенцијата е изработен, во најголема можна мерка, во согласност со Упатството за структурата на извештаите кои треба да бидат доставени во рамките на вториот круг на мониторинг за имплементацијата на Рамковната конвенција. Извештајот е изготвен од страна на Министерството за надворешни работи во соработка со релеватните ресори и беше доставен до невладините организации за коментар и мислење. Во дадениот рок, само две невладини организации доставија нивните видувања за имплементацијата на РКНМ во Република Македонија, како и нивни коментари на текстот на Извештајот. Поради малиот одзив во оваа фаза, контактите со невладиниот сектор ќе продолжат, а Министерството за надворешни работи дополнително ќе ги достави коментарите на НВО.

## ПРВ ДЕЛ

Владата на Република Македонија високо ја цени улогата на Советодавниот комитет на РКНМ во подобрувањето на положбата на припадниците на малцинствата во државите членки на Конвенцијата и смета дека оваа активност треба да прерасне во паневропски процес.

Поради важноста на дијалогот со Комитетот, а со цел поширока промоција на мислењето на Советодавниот комитет и препораките од резолуцијата на Комитетот на министрите на СЕ, но и како дел од подготовките за вториот циклус на мониторинг Министерството за надворешни работи на Република Македонија на 3 октомври 2005 година организираше еднодневен *Семинар за имплементација на Рамковната Конвенција за национални малцинства.* На семинарот учествуваа претставници (експерти) на Советот на Европа, претставници од министерствата и државните агенции, Собранието на РМ, претставници на меѓународните организации акредитирани во РМ, како и претставници на невладиниот сектор инволвирани во промоцијата на правата на заедниците во РМ.

Покрај презентацијата на наодите и препораките од Мислењето на Советодавниот комитет и резолуцијата на Комитетот на Министри на Советот на Европа и соодветните коментари на Владата на РМ, главните теми на семинарот беа: јакнењето на меѓусебното разбирање и меѓуетничкиот дијалог, користењето на јазикот и образованието на малцинствата, имплементација на мерките за поддршка за учество на националните малцинства во јавната администрација. Еден од главните заклучоци беше дека успешната имплементација на РКНМ подразбира и поголемо вклучување на невладиниот сектор во оваа сфера, посебно со

оглед на фактот што невладиниот сектор не бил вклучен во изработката на Иницијалниот извештај.

Што се однесува до публикацијата на релевентаните документи информираме дека текстот на Рамковната конвенција, е објавен на официјалната веб-страна на Владата на Република Македонија, посветена на човековите права.

Текстот на Конвенцијата, на двата јазика, англиски и македонски е објавен во "Службен Весник на Република Македонија", по нејзината ратификација и официјализирање како интегрален дел од правниот систем на Република Македонија.

Мислењето на Советодавниот комитет, Резолуцијата на Комитетот на министри за Република Македонија, преведени на албански, турски, српски, ромски, влашки и бошњачки јазик беа дистрибуирани на горенаведениот Семинар. Трошоците за преведување на овие документи ги обезбеди Центарот за информирање и документација на Советот на Европа со седиште во Скопје.

Интегралниот текст на Иницијалниот извештај (во оригинал и преведен на англиски јазик), е достапен и на официјалната веб-страница на Советот на Европа. Повеќето јавни библиотеки во РМ нудат бесплатен пристап до Интернет за заинтересираните граѓани.

## ВТОР ДЕЛ

## Имплементација на РКНМ, член по член

### Член 3

Не постојат новини во однос на Иницијалниот извештај.

### Член 4

Спречувањето на дискриминација се обезбедува на повеќе нивоа:

- Уставно-правна гаранција и воспоставена законска рамка,
- Со активни политики и мерки – економско-социјални, образовни, културни, итн., вградени во соодветните секторски стратегии,
- Преку јакнење на институциите кои обезбедуваат спречување на дискриминација,
- Со посебни стратегии насочени кон одредени групи

Законодавната рамка за превенција на дискриминацијата и промовирање на полна и ефективна еднаквост ја сочинуваат кривичното, граѓанското и управното законодавство.

Кривичен законик ("Службен весник на Република Македонија", бр. 28/91, 24/92, 49/93, 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003 и 19/2004)

Во главата за кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот, членот 137 го дефинира како повреда на рамноправноста на граѓаните однесувањето на оној што врз основа на разлика на полот, расата,

бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба, јазикот или друго лично својство или околност, ќе му одземе или ограничи права на човекот и граѓанинот, утврдени со Устав, закон или со ратификуван меѓународен договор или кој врз основа на овие разлики им дава на граѓаните повластици спротивни на Уставот, закон или ратификуван меѓународен договор.

Членот 319 од Кривичниот законик во главата за кривични дела против државата утврдува дека ќе се казни за предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост, тој што со присилба, малтретирање, загрозување на сигурноста, излагање на подбив на националните, етничките или верските симболи, со оштетување туѓи предмети, со скврнавење споменици, гробови, или на друг начин ќе предизвика или ќе разгори национална, расна или верска омраза, раздор или нетрпеливост.

Членот 417 од Кривичниот законик во главата за кривични дела против човечноста и меѓународното право пропишува дека тој што врз основа на разлика на раса, боја на кожа, националност или етничко потекло ги повредува основните човекови права и слободи признати од страна на меѓународната заедница врши дискриминација.

Законот за извршување на санкции ("Службен весник на Република Македонија", 2/06) ја реафирмира забраната на дискриминацијата врз основа на раса, боја на кожа, пол, јазик, вера, политички и други уверувања, национално и социјално потекло, сродство, имотна или општествена положба или некој друг статус на лицето спрема кое се извршува санкцијата.

Верските чувства, личното уверување и моралните норми на лицето спрема кое се извршуваат санкциите мора да се почитуваат.

Постојат одредби и во граѓанското и во управното право насочени кон борба против дискриминацијата. Тие одредби не се содржани во еден акт, туку се во состав на повеќе материјални прописи.

Законот за судовите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 36/95, 45/95 и 64/03)

Согласно законот, секој има право на еднаков пристап пред судовите во заштита на човековите права и правно заснованите интереси.

При изборот на судиите и судиите поротници, согласно законот, не смее да има дискриминација во однос на полот, расата, боја на кожа, национално или социјално потекло, имотната состојба или социјалниот статус.

Закон за академија за обука на судии и јавни обвинители ("Службен весник на Република Македонија" бр. 6/06)

Законот го афирмира уставното начело за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците. Имено согласно член 25 од Законот: "При конституирањето на органите на академијата, назначување на едукаторите, конституирањето на Комисијата за квалификација и прием на кандидати и Комисијата за завршен испит се применува начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните. "Исто така со член 36 од Законот се определува: "При селекција на кандидатите за прием во академијата, без да се нарушат критериумите предвидени со овој закон, се обезбедува соодветна и правична застапеност на граѓаните кои им припаѓаат на сите заедници во Република Македонија. "

Законот за средно образование ("Службен весник на Република Македонија", бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 52/02 - пречистен текст, 40/03, 42/03 и 67/04)

Законот утврдува дека секој под еднакви услови утврдени со овој закон има право на средно образование. Понатаму, истиот Закон забранува дискриминации засновани на пол, раса, боја на кожа, национално и социјално потекло, политичко и верско уверување, имотната и општествената положба.

Законот за високо образование ("Службен весник на Република Македонија", бр. 64/00 и 49/03)

Според законот, државјаните на РМ имаат, под еднакви услови, право на образование на високообразовните институции во РМ. Исто така, странските државјани можат, со примена на начелото на реципроцитет, да се образуваат на високообразовните установи во РМ под исти услови како и државјаните на РМ. Покрај странските, и лицата без државјанство имаат право на високо образование под услови утврдени со закон и со ратификувани меѓународни акти.

Законот за здруженијата на граѓани и фондации ("Службен весник на Република Македонија", бр. 31/98)

Законот пропишува дека активноста на граѓанското здружение ќе биде забранета ако таквата активност ги повредува човековите права и слободи загарантирани со Уставот или поттикнува национална, расна или верска омраза или нетрпеливост.

Законот за политички партии ("Службен весник на Република Македонија", бр. 76/04)

Во општите одредби на законот се утврдува дека програмата, статутот и дејствувањето на политичките партии не можат да бидат насочени кон: насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, поттикнување или повикување на воена агресија, разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост.

Закон за внатрешни работи ("Службен весник на Република Македонија", бр. 19/95, 55/97, 38/02, 33/03 и 19/04)

Законот за внатрешни работи, во општите одредби, внатрешните работи ги дефинира како работи кои се однесуваат на заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот загарантирани со Уставот, како и спречување на разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост.

Закон за радиодифузна дејност ("Службен весник на Република Македонија", бр. 100/05)

Во програмите на радиодифузерите, како и во програмите што се реемитуваат преку јавните комуникациски мрежи не се дозволени програми што се насочени кон насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија или кон поттикнување или повикување на воена агресија или на разгорување на национална, расна, полова или верска омраза и нетрпеливост.

Законот за правниот статус на верските заедници и религиозните групи ("Службен весник на Република Македонија", бр. 35/97)

Законот утврдува дека верски собири, верски обреди, верски печат, верски училишта, верска обука и други видови на изразување на верата не

можат да се користат за политички цели, поттикнување верска, национална и друга нетрпеливост и за други дејствија забранети со закон.

Закон за работни односи ("Службен весник на Република Македонија", бр. 62/05)

Со членот 6 од Законот за работни односи се предвидува забрана за работодавецот да го стави во нееднаква правна положба лицето кое бара вработување (кандидат) или работникот поради неговата раса, боја на кожата, пол, возраста, здравствена состојба, односно инвалидност, религиозно, политичко или друго убедување, членување во синдикати, национално или социјално потекло, статус на семејството, имотна состојба или заради други лични околности.[1] Со членот 7 од овој закон се дефинира и забранува директна или индиректна дискриминација на кандидатот за вработување и на работникот, како и исклучоци од забрана на дискриминацијата.

Закон за културата ("Службен весник на Република Македонија", бр.31/98, 49/03 и 66/03-пречистен текст)

Членот 3 утврдува дека секој може да ја остварува културата како поединечен, локален и национален интерес, со профитна и непрофитна цел, согласно со закон, од што произлегува дека достапноста до културните вредности се однесува на остварување на културните права на сите граѓани во Република Македонија.

Со член 4 од Законот е утврдено дека секој има право независно од возраста, образованието, верската, етничката, или друга припадност, на слободно творештво, непрофесионално или професионално, како и право на образование за областа на културата.

Законот за државни службеници ("Службен весник на Република Македонија", бр. 59/00, 112/00, 34/01, 103/01, 43/02, 98/02, 17/03, 40/03, 85/03, 17/04,69/04, 81/05),

Согласно со законот, вработувањето во државната администрација е во согласност со два основни принципа - уставниот принцип на еднаков пристап до работните места и мерит принципот-селекција врз основа на способностите. Покрај тоа, при вработувањето на државни службеници се применува и начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат припадниците на сите заедници, во сите звања утврдени во Законот, без да се нарушат критериумите на стручност и компетентност.

Во член 2 од Законот се утврдува обврска за донесување Годишни планови за сооветна и правична застапеност на заедниците. Со годишните планови се утврдува тековната состојба во органите (број и процент на застапеност на припадниците на заедниците и тоа за државните службеници и другите вработени во органите), плановите за вработување, стручно усовршување и обука, како и проценка на фискалните импликации за претходно наведените преземени активности. Тоа значи дека покрај уставниот принцип на еднаков пристап до работните места и мерит принципот - селекција врз основа на способностите, при вработувањето на државни службеници се применува и начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници, во сите звања утврдени во Законот без да се нарушат критериумите на стручност и компетентност. Јавниот оглас за вработување на државни службеници го објавува Агенцијата за државни службеници (АДС), најмалку во два дневни

[1] Оваа одредба е содржана и во претходниот Закон за работни односи.

весници, од кои најмалку во еден весник што се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот.

Закон за употреба на знамињата ("Службен весник на Република Македонија", бр 58/05) Со Законот за употреба на знамињата во Република Македонија се гарантира правото на заедниците во Република Македонија да употребуваат знаме заради изразување на својот идентитет и особености. Под знаме согласно одредбите на законот се подразбира знаме што заедниците го избрале и го употребуваат како знаме за изразување на својот идентитет.

Со законот се уредува употребата на знамињата на заедниците во јавниот, службениот и приватниот живот.

Согласно Законот, во општините во кои повеќе од 50% од жителите се припадници на една заедница постојано го истакнуваат знамето на Република Македонија и знамето на таа заедница пред и во објектите на органите на општините. Во деновите на државните празници, празниците на заедницата, општинските празници, при пречек на претседателот на Република Македонија, претседателот на Собранието на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и официјална посета на претседател или премиер на странска држава или претставник на меѓународната заедница, знамето на заедницата се истакнува и пред објектите на државните органи, јавните служби и правните лица основани од државата, односно општината, на улиците, плоштадите и другите инфраструктурни објекти. [2]

Во однос на прашањето на потребата од донесување на генерален закон за анти-дискриминација, во Националната програма за донесување на европското законодавство постои констатација дека ќе се направи анализа дали ќе се носи таков закон.

Во насока на унапредувањето на **антидискриминаторското законодавство** изготвен е **Законот за еднакви можности помеѓу половите** кој ќе биде донесен во првата половина на 2006. Дефиницијата на поимот еднакви можности произлегува од Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените на ОН. Целта на Законот за еднакви можности е уредување на заедничките основи за подобрување и унапредување на статусот на жените и воспоставањето еднакви можности за жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната област и во другите области од општествениот живот, усогласен со европските стандарди.

Во контекст на овој член, потсетуваме дека Република Македонија, како земја-членка на Европската конвенција за човекови права во законодавството и праксата ја обезбедува имплементацијата на овие фундаментални права, кои се интегрален дел на домашниот правен поредок.

Во Иницијалниот извештај дадена е детална информација за институционална рамка за недискриминација. Следат информации за изменетата состојба.

Како што веќе е укажано во Иницијалниот извештај, Народниот правобранител со Амандманот 11 на Уставот на РМ година доби обврска да посветува особено внимание за заштита на начелата на недискриминација и рамноправна застапеност на заедниците во јавните тела на сите нивоа и во

---

[2] Во Анекс 1 е даден преглед на општини во кои може да се истакнува знаме на заедниците

другите области на јавниот живот. Овој уставен амандман беше преточен во Законот за народен правобранител со кој е востановена нова надлежност според која Народниот правобранител презема дејствија и мерки за заштита на начелото на недискриминација на припадниците на заедниците што не се мнозинство во РМ и нивна соодветна и правична застапеност во органите на државната управа, во единиците на локална самоуправа и јавните установи и служби.

Во практичното функционирање на Народниот правобранител почнувајќи од 2003 година се води посебна евиденција од која се гледа бројот на подносители на претставки според нивната национална припадност, според видот на повредените права. Во 2004 година, 75.50% од подносителите на претставките беа Македонци, 14,36% Албанци, 0,18 % Власи, а 1.94% не ја декларирале својата етничка припадност. Во вкупниот број претставки во 2004 година – 1959, претставките кои се однесуваа на повредите на правата на припадниците на заедниците учествуваа со 0,26 %. Во 2005, 64% од подносителите на претставки се Македонци, 25,87% се Албанци, 0,42% од подносителите се Македонци-Муслимани, додека 51,1% не ја декларирале својата етничка припадност. Од вкупниот број на претставки во 2005 година – 3053 претставките кои се однесуваат на повредите на правата на припадниците на заедниците учествуваат со 0,13%.

Со Законот за Народниот правобранител предвидено е отворање на 6 подрачни канцеларии: Куманово, Кичево, Штип, Битола, Тетово и Струмица. Тие се отворени кон крајот на 2004 година, а започнаа со работа од 2005 година со вработување државни службеници. На 15 јули 2005 година, Собранието на Република Македонија ги избра замениците на Народниот правобранител во подрачните канцеларии. Кон крајот на 2005 година делумно се заокружи кадровското екипирање на Стручната служба со вработување на 12 извршители, така што во моментот Народниот Правобранител функционира со 10 заменици на Народниот Правобранител и 57 извршители во Стручната служба. Стручната служба има 30 Македонци, 20 Албанци, по двајца Срби, Роми и Власи и еден припадник на Турската заедница.

Во **општината** во која најмалку 20% од вкупниот број жители на општината, утврден на последниот извршен попис на населението, се припадници на одредена заедница се формира **Комисија за односи меѓу заедниците**[3], која ја сочинуваат подеднаков број претставници од секоја заедница застапена во општината, избрани на начин утврден со статутот. Комисијата ги разгледува прашањата кои се однесуваат на односите меѓу заедниците застапени во општината и дава мислења и предлози за начинот на нивно решавање

Рамковниот договор предвидуваше два вида на меѓусебно поврзани мерки за обезбедување на поголемо учество на немнозинските заедници во сите сфери на јавниот живот: начелото на недискриминација и рамноправен третман, од една и на соодветна и правична застапеност, од друга страна. Во Република Македонија, и пред Рамковниот договор, начелата на недискриминација и рамноправен третман беа правно регулирани на начин компатибилен со стандардите на ЕУ и на Советот на Европа. Во однос на вториот вид мерки, и пред Рамковниот договор, во одредени области се

[3] Во Анекс 2 даден е преглед на општини во кои се формираат комисии за односи меѓу заедниците

практикуваа мерки на де факто (а во образованието и де јуре) позитивна дискриминација.

Новиот квалитет кој го внесува Рамковниот договор се бројни мерки за активна и брза промена на степенот на учеството на немнозинските заедници во многу сфери, пред се преку обезбедување соодветна и правична застапеност и позитивна дискриминација.

Владата на Република Македонија, во февруари 2003 година, ги усвои Основите за подготовка на Програмата за подобрување на соодветна и правична застапеност на заедниците во јавната администрација и јавните претпријатија. Во април 2003 година беа усвоени дополнителни мерки за подобрување на соодветната и правична застапеност на заедниците во јавната администрација и јавните претпријатија кои се однесуваат на: зајакнување на капацитетите на превод, отварање двојазични работни места, анализа на слободни работни места во администрацијата и програма за едукација заради влез во јавната администрација, како и за делот за комуникација со јавноста. Во рамки на дополнителните мерки, подготвена е и спроведена обука на 600 кандидати за стручно-административни државни службеници припадници на заедниците за работа во органите на државната администрација. Вработувањето на првата група на овие кандидати беше реализирано во декември 2004 година - јануари 2005 година, а втората група беше целосно вработена во администрацијата во текот на февруари 2005 година.

Исто така во тек е обуката на 100 преведувачи/толкувачи од припадниците на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија за работа во органите на државната управа и судовите. По обуката избраните кандидати ќе се вработат во органите на државната управа и судовите, со обврска да останат во работен однос во тие органи најмалку две години по завршувањето на обуката.

Во периодот по потпишување на Рамковниот договор, Владите на Република Македонија воведоа специјални политики чија цел беше практично подобрување на правичната застапеност на немнозинските заедници во јавната администрација, со посебен акцент на полициските и армиските структури.

Генерален заклучок е дека во последните три години е видливо зголемување на застапеноста на сите заедници во администрацијата, што повлекуваше и повлекува значителни буџетски средства. Така учеството на немнозинските заедници во јавната администрација бележи пораст од 17,7% на крајот од 2002 година, 19,7% во декември 2004, на 21,3% на крајот од 2005 година (поединечно застапеноста на припадниците на Албанската заедница расте од 11,65% во 2002, 14,54% во декември 2004, на 16,1% на крајот од 2005 година).

Треба да се има во предвид дека целиот процес се води во услови на засилено буџетско штедење и општо намалување на бројот на вработени во администрацијата, што процесот го прави дополнително болен и сложен.

Во фаза на усвојување е среднорочната Стратегија за правична застапеност на припадниците на заедниците.

## Уставни амандмани

Согласно Акциониот план за спроведување на Стратегијата за реформа на правосудниот систем, Собранието на Република Македонија во

декември 2005 година ги усвои **Амандманите од 20 до 30 на Уставот на Република Македонија,** во областа на правосудството. Главната цел на овие измени е јакнење на независноста на судството. Имено, во нив посебно внимание се посветува на системот на избор на судии кој во досегашната практика покажа одредени слабости. Така, со овие измени на Уставот е предвидено изборот и разрешувањето на судиите да го врши Судскиот совет на Република Македонија, наместо досегашното решение кое предвидуваше тие да бидат избирани и разрешувани од Собранието на Република Македонија. Согласно Амандманот 28, Судскиот совет е самостоен и независен орган на судството и ја обезбедува и гарантира неговата самостојност и независност.

Согласно Амандманот 29, Судскиот совет ги има следниве надлежности: да ги избира и разрешува судиите и судиите поротници; да утврдува престанок на судиската функција; да ги избира и разрешува претседателите на судовите; да ја следи и да ја оценува работата на судиите; да одлучува за дисциплинската одговорност на судиите; да одлучува за одземање на имунитетот на судиите; да предлага двајца судии на Уставниот суд од редот на судиите и да врши други работи утврдени со закон. При изборот на судиите, судиите поротници и претседателите на судовите, ќе се запази соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници.

Исто така, редефиниран е и составот на овој орган. Така, тој е составен од петнаесет членови. По функција членови на Советот се претседателот на Врховниот суд на Република Македонија и министерот за правда. Најзначајната новина е тоа што осум члена на Советот ги избираат судиите од своите редови. Тројца од овие членови се припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, при што ќе се запази соодветната и правична застапаност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници.

Сепак, заради баланс на другите две власти, предвидена е одредба со која се обезбедува тројца членови на Советот да ги избира Собранието на Република Македонија. При нивниот избор во Собранието, неопходно е да се обезбеди мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Исто така, и Претседателот на Република Македонија има надлежност да предлага двајца членови во Советот, при што нивниот избор го врши Собранието. Еден од кандидатите што ги предлага Претседателот е предвидено да е припадник на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Во тек се активностите за донесување на преостанатите закони од корпусот предвиден во рамките на зацртаните коренити реформи на судскиот систем во РМ кои во целост ќе ја дорегулираат оваа материја.

## Член 5

Со цел да се одржи и да се подигне квалитетот на културата како темелна вредност во животот на граѓаните на РМ, во мај 2005 година

донесена е **Националната Програма за културата за периодот од 2004 до 2008** година како стратешки документ за развој на културата.

Во својот концепт Националната програма за културата тргнува од можноста за пошироко сфаќање на културата, како начин во кој луѓето потпирајќи се на сопствената традиција креативно ја надградуваат актуелната реалност со нови остварувања и со нови вредности со кои се унапредуваат човековите права и слободи. Таквото дефинирање на културата се гради врз неколку темелни принципи и тоа достапност, разновидност, отвореност, одговорност и флексибилност. Достапноста до културните вредности се однесува на остварување на културните права на сите граѓани, додека пак разновидноста се однесува на негување на богатството од различности во културниот идентитет, како и на потребата од проширување на подрачјето на творечките форми и на уметничката слобода.

Во Националната програма се утврдени следниве цели:

- Децентрализација на културата;
- Искористување на културата како ресурс за развој;
- Заштита и креирање на културното наследство;
- Поттикнување на современото творештво, со посебен фокус на културните потреби на младите;
- Враќање на дигнитетот на творецот и творештвото и создавање на услови за остварување и заштита на врвни културни вредности;и
- Подобрување на менаџментот во културата

Во Националната програма се содржани заложби за проширување на материјалните, кадровските и институционалните претпоставки за развој на културата **на сите заедници**, со што ќе се обезбедат посоодветни услови за нејзино остварување.

Согласно уставните определби и меѓународните искуства и во областа на културата, државата е обврзана да гради граѓанско општетство и да ги поддржува невладините организации.

Со цел да се поттикне развојот на граѓанското општество во РМ, Министерството за култура во текот на изминатите три години реализираше активности со кој стратешки и програмски во значително поголем обем поддржа културни иницијативи што доаѓаат од невладиниот сектор.

Со цел да се зголеми нивното влијание во културтата и нивното активно учество во културниот живот еден од приритетите во Националната програма е и соработката со невладините организации.

Според Законот, во состав на Министерството за култура е и Управата за афирмирање и унапредување на културата на заедниците во Република Македонија.

Надлежноста на Управата е утврдена со актите за систематизација и организација на Министерството за култура и во рамките на делокругот на работата на Управата се вршат следниве функции:

- стручно административни работи за следење на негувањето и унапредувањето на културниот идентитет на припадниците на заедниците;
- следење на презентирањето и негувањето на културата на припадниците на заедниците;

- поттикнување и унапредување на меѓународната соработка за техничка помош, со соседните и европските земји, наменета за негување и унапредување на културниот идентитет на припадниците на заедниците.

Согласно Законот за заштита на културното наследство во месец мај 2004 година основана е **Управата за заштита на културното наследство** како орган во состав на Министерството за култура со својство на правно лице. Управата е надлежна за вршење на управните и со нив поврзаните стручни работи во областа на заштитата на културното наследство. Управата има зголемени овластувања и одговорност во остварување на заштитата на културното наследство. Нејзината надлежност е утврдена со Законот за заштита на културното наследство.

- **Соодветна и правична застапеност на заедниците во Министерството за култура и установите од областа на културата**

Согласно **начелото за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците**, во Министерството за култура се реализирани 5 нови вработувања на припадниците на заедниците, а во тек е постапка за одобрување на финансиски средства за вработување на 6 припадници на заедниците, со високо образование.

Во Министерството за култура од вкупно 45 вработени, 32 се Македонци (71%), 7 се Албанци (15%), 2 Турци (4%), 1 Влав (3%), 2 Срби (4%). Покрај тоа со договор за дело во Министерството за култура се ангажирани 6 припадници на Албанската заедница, 1 припадник на Турската заедница, 1 припадник на Ромската заедница, 1 припадник на Српската заедница, 2 Бошњаци.

Истовремено, и во националните установи од областа на културтата, согласно начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во Координација со Генералниот Секретаријат на Владата на РМ, во тек се постапки за нивно вработување, а до целосно завршување на постапките истите се ангажирани како надворешни соработници.

Моментно, во националните установи од областа на културата 84% од вработените се Македонци, 5.43% се Албанци, 2.54 % се Турци,1.77 % се Роми, 2.71 % се Срби, 1.12 % се Власи и 1.77 % -останати.

- ## Нормативни претпоставки за развој на културата на заедниците во РМ

## Децентрализација во културата

Имајќи го предвид Рамковниот договор и претходните иницијативи на соодветни здруженија за развој на културата на заедниците, а со цел да се истакне залагањето на државата за негување и афирмација на културниот идентитет на заедниците, сочувување и презентирање на културните различности, во јули 2003 година направени се измени на Законот за културата.

Измените во Законот за културата се во насока на создавање на поповолни услови за финансирање на проекти на припадниците на

заедниците, овозможување на соодветно и правично учество во Советот на културата, објавување на Конкурсот за Годишната програма и на јазиците на заедниците што се повеќе од 20%, како и создавање на други нормативни претпоставки кои ќе го одразат мултикултурниот карактер на нашата држава.

Со децентрализацијата се овозможи сите граѓани на РМ рамноправно да учествуваат во културата, како творци и како корисници. Локалните културни установи се во непосреден контакт со граѓаните заради што можат попрецизно да ги дефинираат културнте потреби на граѓаните и формите за нивно задоволување, со што културниот живот ќе стане побогат, поразновиден, подинамичен и поквалитетен.

Согласно потребите за децентрализација на културата, врз основа на претходно направени анализи, изработени насоки и смерници за организацијата на мрежата на установи во РМ, Владата на РМ донесе Одлука за утврдување на мрежата на националните установи од областа на културата (Службен весник на РМ бр. 84/03), со што започна процесот на децентрализација во културата.

Министерството за култура, во текот на 2004 година, согласно член 94 став 1 од Законот за културата, упати непосреден повик до советите на единиците на локалната самоуправа во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на Одлуката за утврдување на мрежата на националните установи од областа на културата, да одлучат на кои од другите организации освен организациите од мрежата на националните установи им ги преземаат основачките права и ги утврдуваат како општински-градски установи. Согласно Одлуката за утврдување на мрежата на националните установи од областа на културата, 51 установа го задржаа статусот на национална, на 48 установи, лоцирани во 28 општини и во градот Скопје имаат статус на локални.

Во моментов на национално ниво културата ја остваруваат 5 библотеки, 7 заводи, 9 музеи, 16 центри за култура, 6 театри , 1 кинотека, 1 установа за опера и балет, 2 установи за меѓународни манифестации"Охридско лето" и "Струшки вечери на поезијата"1 уметничка галерија и 1 установа за презентирање и негување на фолклорот.

На локално ниво културата ја остваруваат 27 домови за култура (тука спаѓаат и 3 работнички Универзитети, културни центри и пионерски домови) 13 библиотеки 6 музеи и 2 зоолошки градини.

Најголема концентрација на установи има во главниот град Скопје, 30 установи па во Битола, Прилеп, Куманово.

По непосредниот повик, советите на општините доставија до Министерството за култура одлуки за преземање на основачките права на установите и истите ги утврдија како општински-градски установи. (Согласно Законот за културата, 28 општини и градот Скопје, со свои одлуки ги презедоа оснивачките права на 48-те установи, од нив 40 се општински, а 8 во градот Скопје).

Трансферот на недвижни ствари, опремата, вработените и другите средства за работа, од централно на локално ниво се реализира по пат на одделни договори помеѓу Министерството за култура и општините, односно градот Скопје. До крајот на 2005 година, Договорите се потпишани од 26 општини и градот Скопје.

Општините кои ги потпишале договорите, формално-правно можат да ги извршуваат надлежностите од областа на културата.

Фискалната децентрализација и финансирањето на општините од сопствени извори, зајакнување на капацитетите на општините, особено зголемување на ефикасноста на локалната администрација, се битни услови од чие исполнување односно неисполнување ќе зависи и степенот на остварувањето на културата на локално ниво.

Во следниот период ќе се изврши евалуација на степенот на задоволување на културните потреби на локално ниво, обемот на финансирање на културните потреби од извори на општините, административните капацитети на општините во остварувањето на културата на локално ниво, подготвеноста на општината за креирање на сопствена локална културна продукција, разновидноста на културниот живот на локално ниво, состојбата со локалните објекти во културата и сл .

И европските искуства покажуваат дека процесот на децентрализација е сложен, обемен и долготраен процес, кој во многу земји се реализираше етапно.

Надлежноста на општините во областа на културата е утврдена со ***Законот за локалната самоуправа*** (Службен весник на РМ бр. 5/02).

Согласно член 21 од Законот, општините самостојно, во рамките на законот, ги уредуваат и ги вршат работите од јавен интерес од локално значење, утврдени со овој или со друг закон и се одговорни за нивното вршење.

Согласно член 22 точка 5 од Законот, општините во областа на културата се надлежни за институционалната и финансиската поддршка на културните установи и проекти, негувањето на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности, организирањето културни манифестации; поттикнувањето на разновидни специфични форми на творештво.

Остварувањето на културата на локално ниво покрај со Законот за културата е регулирано и со:

- Законот за музеите (Службен весник на РМ бр. 66/04)
- Законот за библиотеките (Службен весник на РМ бр. 66/04)
- Законот за меморијалните споменици и спомен-обележјата (Службен весник на РМ бр. 66/04)

Со наведените закони се дадени зголемени надлежности на единиците на локалната самоуправа во музејската и библиотечната дејност, за основање, избор на раководни и управни органи, финансирање и друго, како и директни надлежности на единиците на локалната самоуправа во подигањето на спомен-обележјата.

Согласно Законот за музите и Законот за библиотеките, музеј односно библиотека може да основа Советот на единиците на локалната самоуправа. Советот на единиците на локалната самоуправа го именува Управниот одбор на локалниот музеј односно библиотека, а градоначалникот го избира и разрешува директорот на локалниот музеј односно библиотека.

Исто така со наведените закони е утврдено дека локалните музеи односно библиотеки во единиците на локалната самоуправа на чие подрачје се основани и во кои покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо е службен јазикот и писмото што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на РМ, дел од евиденцијата и документацијата се води на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото што го зборуваат најмалку 20

% од граѓаните на РМ на подрачјето на таа единица на локалната самоуправа.

Покрај основи за децентрализација, со наведените закони се даваат и основи за приватизација на библиотечната и музејската дејност, преку можноста домашни и странски правни и физички лица да можат да основаат музеј односно библиотека.

Со Законот за меморијалните споменици и спомен-обележја е дадена можност единиците на локалната самоуправа во постапка пропишана со закон, за одбележување на настани и личности од значење за културата и историјата на РМ, што се од локално значење да подигаат спомен-обележја.

## • Заштита на културното наследство на припадниците на заедниците на РМ

Спомениците на културата од историски и културолошки аспект, претставуваат израз и потврда на универзалните вредности што постоеле на овој простор. Поради тоа една од примарните грижи на државата е и заштитата и чувањето на движното и недвижното културно наследство.

Споменичкиот фонд со кој располага Републиката е исклучително богат со движни и недвижни споменици од најразличен вид и период на настанување, со најразлични културни влијанија и стилови, со врвни културни, историски и уметнички вредности.

Единствен критериум за остварување заштита над едно дело е неговата вредност. Поаѓајќи од значењето на делата, нивните универзални вредности, истите се третираат како придобивки на целата цивилизација.

Во периодот на турското владеење на територијата на нашата држава се изградени многубројни објекти (џамии, текиња, амами, анови, безистени, турбина и други) кои по своите архитектонски вредности претставуваат извонредни примероци на исламската уметност.

Имајќи го предвид значењето на објектите од исламската архитектура во изминатиов период се постигнати забележителни резултати во заштитата на најзначајните споменици на културата особено на подрачјето на Скопје и Битола.

Во минатиот период извршена е целосна конзервација (реставрација и презентација со намена на следните најзначајни споменици: Серсем Али Баба Теќе - Тетово, Алимбеговата куќа во Тетово Даут пашин Амам - Скопје (Уметничка галерија), Чифте Амамот во Скопје, Куршум Ли Ан во Скопје (Лапидариум), Јени џамија во Битола (Уметничка галерија), Безистенот во Штип (Уметничка галерија), Безистенот во Битола, продолжуваат работите на Орта џамија, Хунќар џамија во Струмица и други.

Исто така се конзервирани и следните позначајни споменички објекти од исламската архитектура: Ајдар Кади џамија и Дебој во Битола, Султан Муратова и Мустафа Пашина џамија во Скопје и други.

Во текот на 2005 година во делот на заштитата на културното наследство изработен е проект и отпочнати се конзерваторско-реставраторските работи на Амамот во Дебар и Саат кулата во Кратово; изготвена е архитектонска документација за Јени џамија во Битола,

конзерваторски истражувања и документација за средновековна кула во с.Лажец, реставрација на таваните во тремот на Исхак џамија во Битола, археолошки истражувања во Јени џамија, изработка на главен проект за ревитализација на комплексот Хаџи беј во Битола; превентивна заштита на зидни платна во Безистенот во Штип, изработка на документација и проект за Саат кулата во Кочани; изработка на проект за објект Турската пошта во Струмица, конзерваторски работи со заштитни археолошки истражувања на Орта џамија Струмица; проект за реконструкција на десното крило од коњушницата и превентивна заштита на оштетена кровна конструкција на Куршумли ан во Скопје.

***Во Република Македонија не постои пренамена на недвижното културно наследство и истото се заштитува*** според неговите вредности, значење и степен на загрозеност, без оглед на времето, местото и начинот на создавањето или кој го создал и во чија сопственост или владение се наоѓа, како и без оглед дали е од световен или религиозен карактер и на која конфесија припаѓа.

Постојат споменици на културата од особено културно и историско значење кои во далечното минато биле од религиозен карактер, но во меѓувреме уште во времето кога РМ беше дел од СФРЈ ја заубиле својата религиозна намена (како цркви, манастири и други скрални објекти од исламската култура). Дел од овие споменици со Одлука на Владата на РМ се вратени во владение на Македонската православна црква, а во тек е постапка за враќање на неколку исламски споменици од сакрален карактер во владение на Исламската верска заедница.

- ***Учество на заедниците во остварувањето на културните дејности***

Согласно Законот за културата, а за реализација на Националната програма за култура, Министерството за култура донесува Годишната програма за остварување на националниот интерес во културата, со која се распределуваат средствата обезбедени со Буџетот на Република Македонија за тековната година. Во рамки на средствата определени со Буџетот на Република Македонија, се финансираат програми и проекти што се од национален интерес, при тоа имајќи ја предвид мултикултурната димензија и мултикултурниот карактер на општеството.

Во таа насока во текот на 2005 година, ***во музичката и сценско-уметничката дејност*** поддржана е програмата на Албанскиот театар со 4 (четири) премиерни претставки, учество на фестивали во странство (Париз, Франција), манифестацијата Петочна треска; програмата на Турскиот театар со 4 (четири) премиерни претстави, учество на фестивали во странство (Истанбул, Турција и Љубљана, Словенија); Центарот за култура во Дебар со три аматерски претстави, две на албански и една на македонски јазик, 4-от фестивал Албански театар во РМ; програмски активности на Детскиот театарски центар - Скопје со 3 (три) претстави; Здружение Талија од Куманово, копродукциски проект со Центарот за култура во Куманово; Здружение Феникс од Тетово 3 (три) копродукциски проекти со Центарот за култура од Тетово; Експериментален арт центар Ноа од Тетово, Друштво за продукција, театар и филм Бајруш Мијаку од Скопје, со 2 (две) претстави. Во

рамки на драмскиот аматеризам поддржани се проекти на Аматерскиот театар Рома, Скопје, Аматерскиот театар Фадиљони од Скопје, Здружение Романо Иљо со Трети ромски аматерски смотри и една претстава на Домот на културата Шота од с. Неготино, Полошко и една претстава на Центарот за култура од Струга.

Вкупно одобрените средства изнесуваат 17.750.000,00 МКД (300.000 ЕУР).

За реализација на програмите од областа на музичката дејност, поддржани се следниве проекти :Културно-уметничките друштва "Шпреса", од с.Велешта, "Буримет е Шарит" од Тетово, "Ибе Паликуќа" од Скопје, "Емин Дураку" од Скопје, "Дрита Девен" од с.Сарај, "Џеладин Зекири" од Тетово, "Јета е Ре" од с.Слупчане, "Каршиака" од Скопје, "Јахи Хасани" од с.Чегране, "Бајрам Шабани" од Куманово, работа на Кудот при Домот на културата-" Шота, "од с.Неготино-Полошко, потоа манифестациите:,,Шарски извори-2005,, организиран од Куд,,Буримет е Шарит,, - Тетово, фестивалот на изворен фолклор ,,Шара пее-2005,, организиран од Сојузот на албанските КУД-ови на Македонија, ,,Скопје слави,, организиран од Општина Чаир, манифестацијата,,Кенге Јехо,, од Струга, и манифестацијата ,,Ден на културата во Република Македонија во 2005 година,, организирана од Општина Зајас, потоа, музичкиот проект на Адриан Гаџа посветен на Мајка Тереза, а во организација на граѓанската асоцијација,,Скопјанката Мајка Тереза,, од Скопје, издавање на компакт диск на музичката етно-џез група,, Тунг-тунг,, , детскиот фестивал ,,Виножито 2005,, организиран од музичката куќа ,,Прима АДЕМ,,ДООЕЛ-Скопје, како и фестивалот на детски народни песни,,Преспански славеј,, организиарн од Асоцијацијата за фолклор ,,Преспански славеј,,с.Наколец-Ресен. Воедно поддржани се проекти на Сојузот на албанските музички и балетски уметници на Македонија: фестивалот,,Мулти-култи,, , реализација на рецитали, мастер-клас семинар,,Мулти-култи,, - Струга 2005, издавање на компакт дискови на Сихана Бадивуку - виолина и на Блерим Груби-виола. Во текот на годината поддржани се следниве програми на Центарот за култура,,Иљо Антески-Смок,,-Тетово: Тетовски културно лето, работа на хорските ансамбли, Тетовски акорди, новогодишен концерт и на Центарот за култура - Дебар: фестивалот на староградска албанска песна ,,Пенестиа 2005,, и работа на детските пејачки секции.

Проекти организирани од припадниците на ромската заедница, а поддржани од страна на Министерството за култура се: Петтиот фестивал на ромски игри и песни ,,Јекипе,, организиран од Ансамблот на народни ромски игри и песни ,,Рушит Шакир,, од Куманово, воедно поддржана е и дејноста на споменатото КУД,, потоа КУД ,,Пралипе,, - Тетово. Од припадниците на влашката заедница подржано е Здружението за одржлив развој на с.Маловишта и потпелистерските села ,,ЕКЕ,, од Битола со реализацијата на Етно-фестивалот ,,Маловишта 2005,, - меѓународна фоклорна смотра на влашката традиција и култура, Арт-кул-Друштво за култура и уметност од Крушево со издавање на компакт диск со ,,Антологија на влашки песни,, и влашките културно уметнички друштва ,,Питу Гули,, од Скопје и ,,Љупчо Сантов,, од Кочани. Поддрани се проектите на Културно уметничките друштва:,,Караџаоглан,, од с.Конче-Радовиш, ,,Јени Хајат,, од Тетово, ,,Јени Јол,, од Скопје, ,,Јени Хајат,, од Радовиш, ,,Бахар,, од с.Чалкали-Валандово, како и манифестацијата,,Хид Бах Шен Фест,, која се одржува во с.Чалкали-

Валандово, организирани од припадниците на турската заедница. Од останатите припадници на заедниците, поддршка има добиено работата на Културниот центар на Бошњаците во РМ од Скопје и Здружението на Срби, Македонци и Црногорци од Тетово.

Вкупно одобрените средства изнесуваат 4.438.000,00 МКД (75.000 ЕУР).

Во рамките на ***издавачката дејност*** поддржана е продукцијата на 27 издавачки куќи на припадниците на албанската заедница, со вкупно 52 издадени наслови, како и две книги на албански автори издадени од други издавачки куќи; поддржани се 6 (шест) списанија, како и манифестациите Денови на Наим, Тетово, Средби под даб, Скопје, Карадачки поетски средби, Куманово и литературната манифестација на Арт клуб од Дебар; извршен е откуп на публикации. Во рамки на програмата поддржани се две издавачки куќи со три наслови на припадниците на турската заедница; два наслова на припадниците на српската заедница; поддржана е Унијата за култура на Власите од Македонија со еден наслов и едно списание; поддржан е Републичкиот центар за културно-просветно и духовно унапредување на Ромите со еден наслов и Меѓународниот центар за јазик, литература и култура на Ромите со еден наслов на македонски и на ромски јазик и едно списание.

Вкупно одобрени средства за поддршка на наведената програма изнесуваат 12.539.000,00 МКД (210.000 ЕУР).

Во областа на ***галериската дејност*** поддржани се проекти на Нехат Беќири, Адем Кастриоти, Коста Вангеловиќ, Вана Урошевиќ, Афродита Кики, Исмет Јонузи, Еркан Оздилек во Музејот на современа уметност и Националната галерија; проектите на Јакуп Хајро, Фехрид Спахија, Маја Ердељанин и Јоана Поповиќ, Енвер Селими, Башким Меџити и други во Културно-информативниот центар во Скопје, изложба на фотографии на Илхан Османи во Младинскиот културен центар, ликовни изложби на познати уметници во Штип, Струга. Тетово, Куманово, Гостивар, Дебар и во други установи од областа на културата. Во рамки на програмата поддржани се програмските активности на Друштвото на ликовни уметници од Тетово, Здружението Арт висион од Скопје, Здружение за уметност и култура А3, Драудакум здружение на ликовни уметници, како и самостојни проекти на ликовните уметници.

Вкупно одобрени средства за реализацијата на активностите во оваа дејност изнесуваат 2.960.000,00 МКД (50.000 ЕУР).

Во рамки на ***филмската дејност*** поддржан е проектот "ТАТКО" на Шќипе Нуредини, а во продукција на " Одеон сцена 7 " од Скопје, со средства во висина од 3.570.000,00 МКД (60.000 ЕУР).

Во областа на ***музејската дејност*** покрај поддршката на проекти кои претставуваат дел од програмите на установите од оваа дејност, како археолошки, етнолошки, историски истражувања, изложбената дејност и други тековни активности, посебно ќе ги споменеме етнолошките и историските изложби во Музејот на Македонија, Музејот на град Скопје, Музејот на Тетовскиот крај, во Музејот во Куманово истражувања на тема културата на Албанците во Куманово и кумановско и Ромите во кумановско, одржување на етно саем во Крушево, одбележување на значајни настани и личности во Музејот Струга и ревија на носии. Во рамки на библиотечната дејност се поддржуваат програмските активности на 5 (пет) национални

библиотеки во Скопје, Тетово, Охрид, Битола и Штип во делот на набавка на книги, обработка на книжниот фонд, изложби и други презентации врзани со библиотечната дејност, како и проекти од библиотечната дејност на библиотеките во состав на Центрите за култура во Гостивар, Струга, Кичево, Дебар. Во овие установи покрај книгите и списанијата на македонски јазик се застапени и книги и списанија и на јазиците на припадниците на заедниците. Дел од библиотечниот фонд со кој располагаат овие установи се надополнува и со откупот на книги, кој Министерството го финансира преку издавачката дејност.

Во текот на годината Министерството за култура објавува посебни конкурси со кои се поддржуваат ***проекти на невладините организации и здруженија на граѓани од областа на културата***. При тоа, поддржани се проекти на Арт клуб, Дебар, Центар Идеал, Тетово, Здружение на граѓани Футуре, Гостивар, Заедницата на Србите и Црногорците, Здружението на граѓани на Власите Кавалиоти Москополе, Здружението Романо Вас, Скопје. За реализацијата на наведените проекти издвоени се средства во висина од 1.010.000,00 МКД (17.000 ЕУР).

## Член 6

## Проекти спроведувани од домашни и странски организации во соработка со Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците

**Мултикултурно и интеркултурно образование, образование за мир и правата на децата, толеранција, полова еднаквост и заедништво:** Проекти спроведувани од домашни и странски организации во соработка со Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците.

**Интер-етничкото разбирање** во образовниот и воспитниот процес е прашање на кое МОН му посветува особено внимание, а е застапено и во Националната програма за развој на образованието 2005-2015.

Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, во рамките на своите надлежности и задачи за градење мир, толеранција и доверба, проведува **мултукултурното, интеркултурно и интер-етничкото разбирање** преку организирани семинари, работилници, Мултиетнички клубови во основното и средното образование, како дополнителна активност во соработка Владата на РМ, координативни тела на Владата, со образовни институции во државата, странски држави и меѓународни организации. Соработува и дава одобрувања на владини и невладини организации од земјата и странство за спроведување на програми и проекти за подобрување на квалитетот и условите на образованието на припадниците на јазиците на заедниците, за градење на интер-етничко разбирање во мултиетничките образовни установи и сл.

Бирото за развој на образованието, (задолжено за наставните програми и учебници) во формалното основното и средното образование, **интер-етничкото разбирање** го промовира преку предмети од општествената сфера и преку предметот Граѓанско образование, но и преку проектни задачи финансирани од домашни и странски организации.

## Хронологија:

## 2003 год.

1. Здружението на граѓани **Еднакви права за сите - ХАРМОНИЈА** во соработка со Управата при МОН од Март 2003 до Март 2004 спроведувала проект **"Подобрување на меѓуетничките односи и превенција"** во Основните училишта во Р Македонија - општина Ѓорче Петров. Главна цел на проектот е изградба на односи на разбирање и комуникација во мулти-етничко општество. Проектот е финасиран во соработка со институтот за трајни заедници.

2. "**ПРОНИ" - институт**, институт за социјална едукација од 1 јануари 2002 до 31 Декември 2004 во соработка со Управата при МОН и агенцијата за млад и спорт го спроведувала проектот универзитетски курс **"Лидерство за развој на младинско работење"** во Скопје и Тетово, финансиран и со помош на Република Шведска, Северна Ирска и Холандија.

3. **"ЛУЛУДИ"** - Ромска асоцијација за жени и млади во соработка со Управата при МОН го спроведува проектот "**Заеднички Чекори"** во општина Чаир, од 01.04.2003 до 30.07.2003 .

4. **"Институт за трајни заедници"** во соработка со Управата при МОН го спроведува проектот **"Мулти-етнолошки мозаик"** во основни мултиетнички училишта во Скопје, во периодот април - декември 2003 .

5. **Центар за меѓуетничка толеранција и бегалци** во соработка со Управата при МОН реализира проект **РЕАЛ-Македонија** во Горно и Долно Блаце, Побожје, Љубанци и Љуботен, од 1 јули 2003 до 15 ноември 2003 .

6. **ОЖ - Радика** во соработка со Управата при МОН и ОБСЕ реализира проект **Трговија со луѓе (жени и млади девојки) како организиран криминал** во ДСУ и ОУ во Реканскиот дел, од 09.05.2003 до 09.05.2004 .

7. **СОС - Куманово** во соработка со Министерството за образование и наука на РМ, со управата при МОН, со НВО СОС - Куманово, **ЗЖ - Коло на српските сестри -** Куманово, Албанско здружение за човекови права **Беса 2003** - Куманово Еколошко друштво **Натира** - Липково, Еколошко друштво Изгрев - Свети Николе реализира проект **ИДНИНАТА Е СЕГА** во ОУ и ДСУ во Куманово, Липково и Свети Николе, времетраење на проектот: 4 месеци (Февруари - Мај 2003).

8. Фондацијата за образование и културни иницијативи **Чекор по чекор** во соработка со Министерство за образование и наука и Управа за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците Фондација институт отворено општество, НВО **Дендо Вас** - Скопје, ДРОМ˝, ˝КХАМ˝ - Куманово, Помош за хендикепирани и сиромашни - Прилеп, реализира проект **Образование на Ромите**. Проектот Чекор по чекор од 1996 до 2003 се реализира во 89 основно училишта во Р Македонија. Целни групи: 4 Ромски населби ОУ Даме Груев - Скопје, Лозја, Средорек - Куманово и Тризла -Прилеп. Во 4 основни училишта Добре Јовановски - Прилеп, Карпош и 11 Октомври - Куманово и Страшо Пинџур - Скопје.

9. Ромско хуманитарно здружение за жени **"КХАМ" -** Куманово во соработка со Министерството за образование и наука, Управата за развој и унапредување на образованието нанјазиците на припадниците на

заедниците при МОН, "Фондација Институт отворено Општество", Висок Комесаријат за бегалци "УНХЦР", Американски бегалски комитет "АРЦ", реализира проект Образовен Центар" ИДНИНА" , финансирана од АГРД Програма на Јапонија.

10. **Центар за меѓуетничка толеранција и бегалци** во соработка со Министерството за образование и наука реализира проект **"Заедно ќе бидеме посилни"**. Проектот се реализирал во текот на 4 месеци од април до крајот на октомври, во ОУ "Петар Здравковски -Пенко" - Скопје.

11. **СОС - Куманово** во соработка со Министерството за образование и наука, Управата за розвој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, НВО Српска Заедница од Куманово, Албанско здружение "Ел Хилал-Куманово", Ромско здружение за човекови права "Арка"-Куманово, Еколошко здружение "Натира"-Липково и Еколошко здружение "Изгрев" - Свети Николе, реализира два пилот проекти **"Сакаме да живееме заедно"** и **"Едукативни Младински Центри"**. Период на спроведување од 2003 до 2004 год. Се реализира во ОУ и ДСУ во општините Куманово, Старо Нагоричане, Свети Николе и Липково.

## 2004 год.

12. **Здружение за развој на неразвиени подрачја "ВИЗИЈА"** во соработка со Министерството за Образование и наука , Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците при МОН, со Францускиот ЦАРИТАС и Ц.О.У Св. Кирил и Методиј-Кучевиште реализира проект **"ДЕТСКИ ПРАВА"**.

13. **Еколошко друштво Изгрев** - Свети Николе, во соработка со Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците при Министерството за образование и наука реализира проект **"Иницирање процедура за донесување на план за развој на волонтерство на Р Македонија"**. Партнери членки на ЕДМП Регионална Канцеларија: СОС - Куманово, Младински Културен Центар - Битола, Хуманитарно Добротворно Здружение на Роми "Месечина"- Гостивар и "Мултикултура" - Тетово.

14. **Прва Амбасада на децата во Светот "Меѓаши"** во соработка со Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците при Министерството за образование и наука реализира проект спроведување активности за **зајакнување на работата на 5те мулти-етнички клубови во Скопје, Куманово и Тетово**. Период на спроведување 1 година од 2004 до 2005 год.

15. **Центар за Ромска заедница "ДРОМ"** во соработка со Европскиот Центар за Малцински Прашања, Управата при МОН, го спроведува проектот **"МОЗАИК"**, кој ги опфаќа средношколците од Куманово. Времетраење на проектот - од Февруари до Мај 2004год.

16. **Здруженије на граѓани за демократија и просперитет "КОЛЕГИУМ"** - Битола, во соработка со Управата при МОН, преку институт за трајни заедници - Скопје реализира проект **"Чадор на виножито"**, во училиштата ОУ "Гоце Делчев", ОУ "Д-р Трифун Пановски" и ОУ "Стив Наумов".

17. **Центар за Ромска заедница "ДРОМ "** со поддршка од Управа при МОН аплицира во Европска Агенција за Реконструкција и Развој за реализација на проектот **"Иднина на Ромите".**

18. **ФОНДАЦИЈА "Институт отворено општество"** во соработка со Фондацијата "Чекор по чекор", 5 Ромски НВО и Управата при МОН реализира проект "**Програма за образование на Ромите во Македонија**", финансиски поддржана од УСАИД и Фондацијата, во период од септември 2004 год. до септември 2007 год.

## 2005 год.

19. Првата детска амбасада во светот "Меѓаши" во соработка со Министерството за образование и наука-Управа за развој и унапредување на образование на јазиците на припадниците на заедниците, од јануари 2005 година до декември 2006 гог. спроведува проектот **"Другарување низ мултиетничка соработка во мултиетничките клубови во 5 средни училишта во Скопје, Тетово и Куманово".**

Главна цел на проектот е развивање на меѓуетнички дијалог и подобрување на соработката меѓу наставници и средношколците од различно етничко потекло и зајакнување на капацитетите на 5-те мултиетнички клуба во училиштата.

Проектот е Финансиран од Европската унија преку Делегацијата на Европската Комисија во Скопје во рамките на програмата "Европска иницијатива за демократија и човекови права", а е поддржан од ОБСЕ, УНИЦЕФ, Совет на Европа и Министерството за образование и наука - Управа за унапредување на јазиците на припадниците на малцинствата.

20. Македонскиот центар за граѓанско образование во соработка со Министрството за образование и наука -Управа за развој и унапредување на образование на јазиците на припадниците на заедниците, од јануари 2005 година до декември 2006 г. спроведеува проектот **"Меѓу-етничка комуникација и соработка помеѓу учениците во етнички мешаните основни училишта во Република Македонија".** Главна цел на проектот е развивање на меѓуетнички дијалог, толеранција, зајакнување на правата на децата, разрешување на конфликти, унапредување на мирот и подобрување на соработката меѓу наставници и учениците во основните училишта. Проектот е Финансиран од страна на Цатхолиц Релиеф Сервицес (ЦРС) и се спроведува во периодот 2005-2006 година.

## *Механизми за воспоставување меѓуетнички дијалог на локално ниво*

За да се овозможи воспоставување меѓуетнички дијалог за чуствителните прашања кои ги засегаат јазикот и културата на помалите етнички заедници во општината, како и етничкиот интегритет на заедниците кои се малцинство во една општина, со Законот за локална самоупрва предвидена е обврската, прописите на општината кои се однесуваат на културата, употребата на јазиците и писмата на кои зборуваат помалку од 20% од граѓаните во општината и утврдување односно употребата на грбот и знамето на општината, да се усвојуваат со мнозинство гласови од

присутните членови на советот, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови на советот кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во општината.

Законот за локална самоуправа ја воспоставува и обврската на органите на општината (советот и градоначалникот), комисиите на советот и јавните служби основани од општината, <u>без надоместок да ги информираат граѓаните</u>:

- за својата работа, како и за
- плановите и програмите кои се од значење за развојот на општината, на начин утврден со статутот.

**Член 7**

Во тек се измени и дополнувања на Законот за здруженија на граѓани кои би имале влијание и врз правото на здружување на кое овој член директно се однесува, за што ќе информираме по усвојувањето на Законот.

**Член 8**

Во Иницијалниот извештај детално е елаборирана законската рамка за правото на секое лице припадник на заедница на изразување на неговата/нејзината вера и воспоставување на религиозни институциии и здруженија.

Владата на РМ информира дека во тек се активности насочени кон изработка на нов Закон за верски заедници во согласност со препораките добиени од ОБСЕ/ОДИХР. Се очекува овој закон да биде донесен најдоцна до крајот на 2006 година.

Со оглед на фактот дека остварувањето на слободата на вероисповед е една од темелните вредности на нашиот правен поредок, во изготвувањето на регулативата од оваа област Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи соодветно вклучи и експерти, претставници на верските заедници и религиозните групи, на НВО и на граѓански здруженија.

Со новиот Закон се предвидени некои нови решенија.

Пред сé, се предлага промена на називот на Законот (Закон за црквите, верските заедници и религиозните групи) кој се усогласува со реалното постоење на црквите кои, на тој начин, се издвојуваат, во терминолошка смисла, од останатите верски заедници и религиозни групи. Во тој поглед, за првпат се дефинира прецизно што се подразбира под црква, верска заедница и религиозна група.

Во поглед на правниот статус на црквите, верските заедници и религиозни групи најзначајната новина е таа дека тој статус се стекнува со регистрација во надлежен суд со воведување на единствен судски регистар, а не, како што беше досега, со регистрација при државниот орган надлежен за прашањата на односи со верските заедници.

Со предложениот закон се предвидува вршењето на верски обреди и во установи како што се болниците, домовите за деца и за стари лица, армиските и полициските институции, затвори и сл. Со Законот се регулира и посетата на различни свечености и свети места во земјата и во странство.

Новина во овој закон е дека црквите, верските заедници и религиозните групи имаат право да основаат граѓански образовни институции од сите степени на образование освен од основното образование.

Во поглед на приходите на црквите, верските заедници и религиозните групи, покрај веќе постоечките начини на стекнување и располагање на тие приходи се овозможува и регистрирање и на стопанска дејност, но која подлежи на даночни обврски утврдени со други прописи.

Предложениот текст на Законот не содржи казнени одредби, што е, исто така, новина. Имено, во поглед на санкциите законот, всушност, упатува на примената на соодветните кривични и прекршочни прописи.

Во текот на февруари 2006 година се работеше на првичниот нацрт-текст на новиот закон (иницијатор е Комисијата за односи со верските заедници) иницијално изготвен од експерти за оваа проблематика. Процесот се одвива транспарентно, со вклучување на претставници на сите верски заедници, НВО, како и членови на Експертскиот панел за слобода на религија и убедување. Во наредниот период е планирано одржување на уште една рунда на консулатации со верските заедници, ОБСЕ и другите експерти, по што ќе биде финализиран текстот и ќе биде доставен до Министерството за правда, како формален носител на овој проект по што следи редовна процедура (во Владата и Парламентот).

## Член 9
## Став 1

Почитувањето на основните принципи и стандарди за остварување на слободата на изразување на јазиците на националните малцинства/заедници преку радиото и телевизијата, во текот на вториот извештаен период, беше дополнително зајакнато со донесувањето на нов **Закон за радиодифузната дејност** ("Службен весник на Република Македонија" бр.:100/2005). Со стапувањето на сила на овој Закон, престанаа да важат стариот Закон за радиодифузната дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр.20/97) и Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радио-телевизија ("Службен весник на Република Македонија" бр.6/98, 98/2000 и 78/2004). Вториов закон престана да важи бидејќи одредбите кои се однесуваат на јавното радиодифузно претпријатие сега се дел од новиот Закон за радиодофузната дејност.

Со Законот, низ неколку членови се прецизираат обврските и/или можностите што ги имаат јавното радиодифузно претпријатие Македонската радиотелевизија (МРТ) и комерцијалните радија и телевизии во поглед на емитувањето програма на јазиците на етничките заедници во Република Македонија.

Програмските сервиси што ги нуди МРТ се определени во член 117 од Законот и меѓу нив се наоѓаат и еден телевизиски програмски сервис (став 1) и еден радио програмски сервис (став 2) на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, а кој е различен од македонскиот јазик, и на јазиците на другите немнозински јазици. Во однос на посебните

радиопрограми наменети за иселениците и граѓаните на Република Македонија кои живеат во странство, предвидено е МРТ да емитува и радиопрограми на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, а е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински јазици (став 4). Програми за припадниците на овие заедници кои живеат надвор од Република Македонија, треба да бидат инкорпорирани и во сателитските програмски сервиси - еден радио и еден телевизиски (став 5).

Што се однесува до комерцијалните радиодифузери, во член 82 став 1 е определено дека "радиодифузерите ја емитуваат програмата на македонски јазик, а во случаите кога програмата е наменета за заедница која не е во мнозинство на јазикот на таа заедница". Со ова и де јуре престана да постои одредбата од претходниот Закон за радиодифузната дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр.:20/1997) која предвидуваше приватните радиодифузери на малцинските јазици да емитуваат и програма на македонски јазик. Сепак, потребно е да се нагласи дека ваквата законска одредба де фацто никогаш не беше применувана, односно, спротивно на коментарите од став 63 (Глава 3) и од став 128 (Глава 4) од Мислењето за Република Македонија на Советодавниот комитет за рамковната конвенција за заштита на националните малцинства (од 27 мај 2004 година), ова никогаш не претставувало проблем при доделувањето концесии на радиодифузери кои емитуваат програма на јазиците на немнозинските заедници.

## Став 2

Со овој посебен закон, кој ги уредува начинот и условите за вршење радиодифузна дејност, се воведува принципот на доделување дозвола за вршење радиодифузна дејност, наместо досегашниот принцип на концесии.

Во член 7 се определува дека радиодифузерите можат да бидат јавно радиодифузно претпријатие, трговско радиодифузно друштво и непрофитна радиодифузна установа.

Јавното радиодифузно претпријатие, кое се основа на целата територија на Република Македонија и ги врши функциите на јавен радиодифузен сервис (член 8 став 1) е Македонската радиотелевизија - МРТ (член 115 став 1), а начинот и условите под кои работи се утврдени со Законот за радиодифузната дејност (член 8 став 2).

Новиот Закон за радиодифузната дејност ќе доведе до промена на позицијата на јавните радиодифузни претпријатија кои вршат дејност на локално ниво. Имено, во член 173 се предвидува дека во рок од 6 месеци од стапувањето на Законот во сила, Советот за радиодифузија, во соработка со Агенцијата за информации и со МРТ, ќе ја испита состојбата на постоечките локални јавни радиодифузни претпријатија и ќе донесе одлука во кој правец ќе се одвива нивната трансформација. Дел од нив ќе продолжат да функционираат како субјекти во јавниот сектор, но на ниво на регионални продукциски центри на МРТ (можност предвидена и во член 115 став 3), дел ќе се трансформираат во трговски радиодифузни друштва, а дел во непрофитни радиодифузни установи. Оние од нив кои, во рок од шест месеци, нема да ја завршат трансформацијата, ќе престанат да постојат. Имајќи предвид дека емитувањето програма на јазиците на немнозинските заедници во Република Македонија е од јавен интерес, надлежните институции кои ќе работат на изготвувањето на одлуката за трансформација,

секако ќе имаат предвид оти некои од постоечките локални јавни радиодофузни претпријатија веќе емитуваат ваква програма. Впрочем, и во член 173, програмските услови се наведени како еден од елементите на одлуката за трансформација.

Како основачи на трговско радиодифузно друштво можат да се јават правни и физички лица (член 9). Тие, за вршење на дејноста, од Советот за радиодифузија (член 37 став 1 алинеа 2), добиваат дозвола со која се уредува природата на програмскиот сервис (член 42 став 2). Дозволата се издава врз основа на конкурс и во постапка која е транспарентна и обезбедува еднаков, рамноправен и недискриминаторски третман на сите учесници во неа (член 43). Пред да се распише конкурсот, Советот за радиодифузија спроведува јавно истражување и анализа кои треба да покажат какви програмски сервиси í се потребни на публиката и може да изврши консултации со заинтересираните страни (член 45 став 1). Меѓу критериумите врз основа на кои се оценуваат пријавите на конкурсот (член 51) се наоѓаат и природата на понудениот програмски сервис, жанровската и тематската разновидност на програмските содржини, процентот на учеството на програмите изворно произведени на македонски јазик или на јазиците на немнозинските етнички заедници кои живеат во Република Македонија во вкупната планирана дневна програма, застапеноста на програми со кои се поттикнува развој и зачувување на националната култура итн.

Една од новините на овој Закон е воведувањето на третиот сектор во радиодифузната сфера кој го сочинуваат непрофитните радиодифузни установи. Нив можат да ги основаат образовни, културни и други установи и здруженија на граѓани и фондации со цел да се задоволат потребите и интересите на специфични целни групи (член 10). И тие, своите програмски сервиси ги емитуваат врз основа на дозвола за вршење радиодифузна дејност, добиена од Советот за радиодифузија. Може да се очекува дека немнозинските заедници во Република Македонија, особено оние кои се бројно помали, ќе можат да ги задоволат потребите за радио на својот јазик токму преку основање непрофитна радиодифузна установа, што е во контекст на забелешката од став 129 (Глава 4) од Мислењето за Република Македонија на Советодавниот комитет за Рамковната Конвенција за заштита на националните малцинства донесено на 27 мај 2004 година.

Меѓу принципите врз кои се темелат радио и телевизиските програми, во член 68 од Законот, вброени се отвореноста на програмите за изразување на различните култури што се составен дел на општеството; еднаквост на слободите и правата независно од полот, расата, националното, етничкото и социјалното потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба на човекот и граѓанинот; поттикнување на духот на толеранција, заемното почитување и разбирање меѓу индивидуите од различно етничко и културно потекло; зачувувањето и негувањето на националниот идентитет, јазичната култура и домашното творештво итн.

Новиот Закон, за дополнително да го зајакне негувањето на културната и јазичната посебност на секоја етничка заедница во Република Македонија, предвидува и дека “радиодифузерите се должни дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедниции кои живеат во Република Македонија...” (член 74 став 1), односно оти “радиодифузерите се должни да обезбедат најмалку 30% од емитуваната вокално - инструментална музика

да биде на македонски јазик или на јазикот на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија" (член 74 став 2). Ваквата обврска е поголема за радио програмските сервиси на МРТ која е должна на секој радио програмски сервис, дневно да обезбеди најмалку 40% програма изворно произведена на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија (член 124 став 2). Обврската за МРТ е поголема и во поглед на музиката, бидејќи јавниот сервис е должен да обезбеди најмалку 45% од емитуваната вокално-инструментална музика да биде на македонски јазик или на јазикот на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија (член 124 став 3)

Законот настојува што посеопфатно да понуди решенија за гарантирање на употребата на јазиците на немнозинските заедници на радијата и телевизиите чии програми се наменети за нив. Затоа, го третира и прашањето на титлувањето на програмите или деловите од програми на странски јазици кои ги емитуваат радиодифузерите во Република Македонија, и предвидува дека "... во случај кога програмата е наменета за заедница која не е во мнозинство "програмата или делот од програмата се титлува" на јазикот на таа заедница" (член 83 став 1). Во овој дух е решено и прашањето на превод на рекламите и телешопинг спотовите (член 104). Внимание е посветено дури и на најавите за програмите на странски јазици кои не се преведуваат, при што е одредено дека и тука се применува јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а која е целна публика на одреден радиодифузер (член 83 став 3).

Со оглед на фактот дека со овој закон се уредува и устројството на некои од телата и субјектите во радиодифузијата, тој води сметка и за вклученоста на припадниците на немнозинските заедници во нив. Во случајот на Советот за радиодифузија, Законот и досега предвидуваше во неговиот состав да има соодветна застапеност на припадниците на немнозинските заедници за што секогаш се водеше сметка во практиката. Оттаму, одредбата од член 24 став 3 од новиот Закон за радиодифузната дејност според која во неговиот состав се обезбедува соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат кон сите заедници, всушност претставува одржување на континуитетот. Новото законско решение пропишува дека и во Советот на Македонската радиотелевизија (МРТ) треба да се води сметка за соодветна и правична застапеност на граѓаните од сите заедници кои живеат во Република Македонија (член 127 став 5). Истовремено, на листата овластени предлагачи на кандидати за членови на Советот на МРТ, меѓу другите се наоѓаат и: Државниот тетовски универзитет "Тетово", Универзитетот на Југоисточна Европа од Тетово, како и националните установи Албански театар и Турски театар. Значајно е да се спомене и дека во член 130 став 3, е определено оти за некои од одлуките Советот на МРТ „одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот на МРТ во кое мора да има мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот на МРТ кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија".

## Став 3

Во декември 2005 година, во Република Македонија работат вкупно 153 радија и телевизии од кои 30 се јавни радиодифузни претпријатија, а 123 се трговски радиодифузни друштва.

1. Македонската радиотелевизија (МРТ), како јавен радиодифузен сервис на национално ниво, покрај останатите програмски сервиси, емитува и телевизиска и радио програма на јазиците на етничките заедници. Јавниот радиодифузен сектор на локално ниво е сочинет од 29 јавни радиостаници. Оние локални радиодифузни претпријатија кои работат на подрачја каде во поголем број живеат припадници на немнозинските етнички заедници емитуваат и радиопрограма на јазиците на тие заедници.

1.1 Македонската телевизија (МТВ), на вториот канал (МТВ2), седмично емитува 65 часа програма на албански јазик, 17 часа и 30 минути на турски и по 1 час и 30 минути на српски, на ромски, на влашки и на бошњачки јазик. На последниве четири јазици еднаш месечно се емитува и 60-минутна емисија, најчесто забавна или документарна. Кај програмите на јазиците на заедниците, жанровски најзастапени се вестите и информативните емисии, како и документарните, забавните и детските програми. До преместување на каналот со телевизиските програми на јазиците на немнозинските заедници од МТВ3 (како што беше во времето на поднесувањетона Иницијалниот извештај на Република Македонија по Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства) на МТВ2 дојде по претворањето на МТВ3 во Собраниски канал, што се случи во март 2005 година. Промената не доведе до никакви негативни ефекти врз работењето на програмите на јазиците на етничките заедници.

Македонското радио (МР) емитува програми на јазиците на повеќе етнички заедници. Притоа, неделно се емитуваат најмалку 56 часа програма на албански јазик, 35 часа на турски, а по најмалку 3 часа и 30 минути неделно се одвоени за програмите на ромски, на влашки, на српски и на бошњачки.

Овде е важно да се нагласи дека спротивно на констатацијата од параграфот 127 од Мислењето за Република Македонија на Советодавниот комитет, телевизискиот канал кој емитува програми само на јазиците на малцинствата не е создаден во 2002 година. Всушност, меѓу ТВ програмите на јазиците на етничките заедници, најстара е онаа на албански јазик која датира од 1967 година, а најмлада е програмата на бошњачки јазик, воведена во 2002. Меѓу радиопрограмите, најрано се воведени оние на албански и на турски јазик (во 1945 година), а најнови се програмите на српски и на бошњачки (во 2003). Со промените кои настанаа во 2002 година се зголеми времетраењето на постоечките програми, се воведоа програми и на јазиците на некои од помалубројните заедници и едниот од телевизиските канали беше целосно отстапен за емитување на програмите на етничките заедници.

1.2 Кај локалните јавни радиодифузни претпријатија, освен на македонски, програми на албански и на турски јазик емитуваат и Радио Тетово, Радио Гостивар и Радио Дебар, Радио Струга има програми и на албански, турски и на влашки јазик, Радио Куманово на албански, ромски и влашки јазик, Радио Кичево на албански јазик, а радио Крушево, освен на македонски, има програма и на влашки јазик.

2. Од 123 субјекти во комерцијалниот радиодифузен сектор, осум зрачат програма на национално ниво. Од нив, пет се телевизии, а три се радиостаници. Од вкупно 115 локални трговски радиодифузни друштва, 50 се телевизии, а 65 се радија.

2.1 Меѓу петте комерцијални телевизии на национално ниво се наоѓа и една која емитува програма на албански јазик. Станува збор за "Алсат - М", која концесијата ја доби на Петтиот конкурс за доделување концесии за вршење радиодофузна дејност, реализиран во 2004 година. На овој начин, задоволени се барањата на албанската заедница во Република Македонија, кои се наведени и во коментарот од став 63 (Глава 3) од Мислењето за Република Македонија на Советодавниот комитет за рамковната конвенција за заштита на националните малцинства (од 27 мај 2004 година).

2.2. Веќе со години наназад, програма на јазиците на етничките заедници на локално ниво зрачат повеќе приватни радио и телевизиски станици. Преглед на радиодифузерите кои во декември 2005 година емитуваат програма на јазиците на немнозинските заедници во Република Македонија е даден во Табела 1 и Табела 2.

***Табела 1. ТРД - Радија на локално ниво кои емитуваат програма на јазиците на немнозинските заедници во Република Македонија***

| Бр. | Трговско радиодифузно друштво | албански | турски | ромски | српски | влашки |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Радио Арачина - Скопје | + | | | | |
| 2 | Радио Ват - Скопје | + | | | | |
| 3 | Лајф Радио - Скопје | + | | | | |
| 4 | Радио Блета - Тетово | + | + | | | |
| 5 | Радио Фама - Тетово | + | | | | |
| 6 | Радио Рапи - Струга | + | | | | |
| 7 | Радио Румели ФМ - Гостивар | | + | | | |
| 8 | Радио Рома - Гостивар | + | + | + | | |
| 9 | Радио Черења - Штип | | | + | | |
| 10 | Радио Албана - Куманово | + | + | | | |
| 11 | Радио Јехона 2003 - Липково | + | | | | |
| 12 | Радио Мерлин - Дебар | + | | | | |
| 13 | Радио Тернипе - Прилеп | | | + | | |
| 14 | Радио Риниа 2000 - Долнени | + | + | | | |
| 15 | Радио Беса - Долнени | + | | | | |
| 16 | Радио Кики - Струга | | | | | + |

*(податоци на Советот за радиодифузија на РМ)*

***Табела 2. ТРД - Телевизии на локално ниво кои емитуваат програма на јазиците на немнозинските заедници во Република Македонија***

| Бр. | Трговско радиодифузно друштво | албански | турски | ромски | српски | влашки | бошњачки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ТВ Шутел - Скопје | | | + | | | |
| 2 | ТВ БТР - Скопје | | | + | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | ТВ Ера - Скопје | + | + | | | | |
| 4 | ТВ Тоска - Скопје | + | + | | | | |
| 5 | ТВ Едо - Скопје | | | | | | + |
| 6 | ТВ Калтрина - Струга | + | | | | | |
| 7 | ТВ Арт - Тетово | + | + | | | | |
| 8 | ТВ Арт Канал - Струга | + | + | | | | |
| 9 | ТВ Супер Скај-Тетово | + | | | | | |
| 10 | ТВ Коха - Тетово | + | + | | | | |
| 11 | ТВ Дуе - Гостивар | + | | | | | |
| 12 | ТВ Феста - Куманово | + | | | | | |
| 13 | ТВ Хана - Куманово | + | | | | | |
| 14 | ТВ Гура - Кичево | + | | | | | |
| 15 | ТВ Ускана - Кичево | + | | | | | |
| 16 | ТВ Алфа Д - Дебар | + | | | | | |

*(податоци на Советот за радиодифузија на РМ)*

Нивниот број се менува бидејќи некои од нив не успеваат да ги исполнат законските и договорните обврски поради што ги губат концесиите, а на нивно место доаѓаат нови медиуми на кои им се доделуваат концесии и им се дава можност да емитуваат нова, поквалитетна програма. Така, со Петтиот конкурс за доделување концесии за вршење радиодифузна дејност, концесии им беа доделени на три нови медиуми кои емитуваат програма на јазиците на немнозинските заедници: Радио Рапи од Струга, Радио Беса од Долнени и ТВ Супер Скај од Тетово. Беше доделена уште една концесија за радио на локално ниво на албански јазик за подрачјето на Тетово, меѓутоа физичкото лице на кое му беше доделена концесијата никогаш не регистрираше трговско радиодифузно друштво и радиостаницата не почна да функционира. Поради ова, Советот за радиодифузија до Владата има поднесено барање за одземање на концесијата.

Од друга страна, во текот на 2005 година беше спроведена редовна постапка за обнова на концесиите, при која, меѓу медиумите на кои не им беа обновени концесиите се најдоа два кои емитуваа програма на албански јазик: Радио Висар од Тетово и ТВ Зери и Чегранит од Гостивар. Радио Висар воопшто не поднесе документи за обнова на концесијата, а ТВ Зери и Чегранит не исполни ниту еден од критериумите за обнова.

Во 2005 година, на радиото Трио Форте ФМ од Гостивар му беше одземена концесијата поради тоа што не го плаќаше концесискиот надоместок. Одлуката ја донесе Владата на РМ (бр. 23 - 4139/1 - 04), на предлог од Советот за радиодифузија.

## Став 4

Со донесувањето на новиот Закон за радиодифузната дејност, престана да важи одредбата од стариот Закон со која 10% од прибраните средствата од радиодифузната такса се наменуваа за радио и телевизиски програми од јавен интерес. Според таа одредба беа реализирани шест огласи за доделување на овие средства, а во крајот на 2005 започна последениот 7 Оглас.

Во 4, 5 и 6 оглас, кои се спроведени во вториот извештаен период, доделени се средства за вкупно 856 програми од јавен интерес. Меѓу нив 165 се на албански јазик, од кои значаен дел зафаќа телевизиската играна продукција, 31 се на ромски, 9 на турски јазик, потоа програми на бошњачки јазик, интерактивни програми на македонски и на албански, програми на повеќе јазици итн. Значајно е да се спомене дека не е мала застапеноста и на програмите на македонски јазик кои се однесуваат на културата, традициите и јазиците на немнозинските заедници, вклучувајќи ги и Власите.

Во параграфот 55 од Мислењето за Република Македонија на Советодавниот комитет е даден коментар кој се однесува на спроведувањето на Препораката на Комитетот на министри бр. (97) 20 за “говорот на омразата”. Одредбите од оваа Препорака, што се однесува до радијата и телевизиите, се операционализирани и во Законот за радиодифузната дејност и во посебни препораки од Советот за радиодифузија. Законот ова прашање го третира во член 69 според кој не е дозволено да се емитуваат програми кои се насочени кон насилно уривање на уставниот поредок на државата или кон поттикнување или повикување на воена агресија или на разгорување национална, расна, полова или верска омраза и нетрпеливост. Ова е надополнето и со принципите врз кои се темелат радио и телевизиските програми (член 68), за кои веќе се говори во извештајов.

Законот е надополнет и прецизиран и со Препораката на Советот за радиодифузија на РМ за начинот на известување од состојби на тензии, воени и други видови оружени судири, донесена во 2001 година. Овој документ е резултат на настојувањето на Советот да им ги посочи на медиумите можните решенија за дилемата што да направат со изјави, соопштенија и други содржини кои со своето влијание врз публиката можат да поттикнат насилство или да охрабрат омраза. Понудените решенија се темелат директно врз Препораката на Комитетот на министри бр. (97) 20 за “говорот на омразата” и врз Препорака бр. (97) 21 за медиумите и за унапредување  на културата на толеранција.

Забрана за емитувањето говор на омраза е вклучена во уште еден документ на Советот за радиодифузија. Тоа се Препораките за покривање на референдумот од 2004 година преку електронските медиуми, врз основа на која Советот го спроведе мониторингот на известувањето на радијата и телевизиите во текот на референдумската кампања.

Во контекст на настојувањето да се подигне свеста кај новинарите во врска со говорот на омраза, треба да се спомене и Конференцијата “Има ли говор на омразата во медиумите во Македонија?”, која се одржа во Скопје на 7 декември 2004 година, организирана од Здружението на новинарите на Македонија, во соработка со Советот за радиодифузија на РМ и Центарот за развој на медиуми, и поддржана од Фондацијата Институт отворено општество - Македонија.

Како што може да се види од фактите, Република Македонија води постојана грижа да им овозможи на немнозинските заедници пристап до електронските медиуми. Притоа, се настојуваа да се изнајдат нови модуси за постоење на нивните медиуми и да се воведат и да се почитуваат одредби кои ќе ја гарантираат употребата на нивниот јазик, заштитата и развојот на нивната култура и традиции, како и подобрувањето на квалитетот на емитуваната програма. Имајќи предвид дека во следните 24 месеци треба да

се изработи Стратегија за развој на радиодифузната дејност во Република Македонија (член 174 став 1 од Законот за радиодифузната дејност) може да се очекува дека ќе бидат преземени и други позитивни чекори во правец на задоволување на потребите од радија и телевизии на немнозинските заедници, особено на оние помалубројните.

Во периодот од јуни 2003 до декември 2005 година Агенцијата за информации на Република Македонија регистрира поголем број нови гласила - весници, списанија, билтени и сл. со информативна, образовна, спортска, забавна и слична содржина. Од нив 28 се на албански јазик и едно (1) н асрпски јазик.

Во прилог 6 е поместен списокот на весници, списанија и друг вид печатени гласила регистрирани во Агенцијата за информации во периодот од 2003 до крајот на 2005 година.

## Член 10

### Став 1

Не постојат новини во однос на Иницијалниот извештај. Употребата на јазикот на јавни места, усмено и во пишана форма е слободна и без ограничувања.

### Став 2

Имајќи ги во предвид измените на Уставот на РМ од 2001 година, беа извршени измени и во Законот за општата управна постапка ("Службен весник на РМ", бр.38/2005) со што е регулирана употребата на јазиците и писмата во управната постапка. Имено, во управната постапка службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, а во управната постапка што се води во органите на државната управа, другите државни органи, органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, правните и други лица на кои со закон им е доверено вршење на јавни овластувања, друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо се користи во согласност со закон.

Во тек е обуката на 100 преведувачи/толкувачи од припадниците на зедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија за работа во органите на државната управа и судовите. По обуката избраните кандидати ќе се вработат во органите на државната управа и судовите, со обврска да останат во работен однос во тие органи најмалку две години по завршувањето на обуката.

### Став 3

Важи изнесеното во Иницијалниот извештај.

## Член 11

### Став 1

Заради целосно имплементирање на измените на Уставот на РМ и одредбите од рамковниот договор во 2004 и 2005 година беа извршени изменување и дополнување на Законот за личната карта ("Службен весник на РМ", бр.16/2004) со што се овозможи: "На граѓаните кои зборуваат јазик

различен од македонскиот јазик и јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, образецот за личната карта се печати и на јазикот и писмото што го употребува граѓанинот".

Со оглед дека во Република Македонија живеат и други заедници во 2005 година беа направени измени во Законот за личната карта ("Службен весник на РМ", бр.12/2005) со кои: На граѓаните кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик, на нивно лично барање, податоците за личното име што се внесуваат во личната карта се запишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото што го употребува граѓанинот".

Со овие измени во Законот за личната карта се овозможи на граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните да им се издаваат лични карти во кои не само образецот туку и личните податоци покрај на македонски јазик да се запишуваат и на јазикот и писмото кои тие го зборуваат.

Моментно во Република Македонија се издаваат лични карти на кои образецот е испишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на албански јазик и неговото латинично писмо, а со новиот "Проект лични документи" ќе се создадат технички можности за издавање лични карти во кои личните податоци за граѓаните покрај на македонски јазик и неговото кирилско писмо ќе се запишуваат на јазикот и писмото што тие го зборуваат, согласно погоре цитираниот член од Законот.

Министерството за внатрешни работи е авторизиран орган за издавање на личните документи на граѓаните.

Како резултат на измените во Уставот во 2001 година, Собранието изгласа измени и дополнувања на системските закони во Р. Македонија, со кои се уредуваат статусните прашања на граѓаните.

Со измените и дополнувањата на Законот за патни исправи на државјаните на Република Македонија ("Сл.весник на РМ" бр.20/03 и 46/04), се извршија промени во однос на патните исправи – како лични документи на граѓаните. Имено, согласно наведените измени обрасците на патни исправи како и податоците во нив се печатат, односно се испишуваат на македонски јазик и писмо и на лично барање на граѓанинот на јазикот и писмото кој е службен јазик различен од македонскиот.

Со практична примена и издавање на двојазични патни исправи, се отпочна на 6.12.2004 година и заклучно со 21.11.2005 година, МВР на РМ има издадено вкупно 76235 македонско-албански патни исправи.

Министерството за внатрешни работи исто така има обврска и за издавање на патни исправи во кои податоците за личното име на лично барање на граѓанинот ќе се внесуваат во пасошот на македонски јазик и писмо и на јазикот и писмото различен од службениот јазик.

Од технички причини, како и поради подготовките на проектот "Нови лични документи", МВР се уште не отпочнало со издавањето на пасошите со податоци за личното име, на јазик и писмо различен од службениот јазик.

Од областа на сообраќајот, образецот на возачката дозвола, возачката потврда, дозволата за возач на трактор, сообраќајната дозвола, потврдата за регистрација и потврдата за привремена регистрација, се печати и податоците во него се запишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

Со отпочнување на „Проектот нови лични документи„ на граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонски јазик наведените обрасци ќе се печатат и податоците во него се запишуваат и на службениот јазик и писмото што го употребува граѓанинот.

Наведеното е предвидено согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник" на РМ број 14/98, 38/2002).

## Ставови 1, 2 и 3

## Употреба на друг службен јазик и писмо различен од македонскиот јазик и неговото писмо

Поаѓајќи од уставните и законските определби, покрај македонскиот и неговото кирилско писмо, службен јазик во општините да биде и јазикот и писмото кои го користат најмалку 20% од жителите на општината, службен јазик различен од македонскиот јазик се користи во вкупно 32 општини и Градот Скопје. [4]

Албанскиот јазик и писмо е втор службен јазик во 24 општини и 4 општини во Градот Скопје, со вкупно 807.781 жители од кои: 476.179 Албанци; 227.745 Македонци; 36.560 Турци; 29.383 роми; 15.413 срби; 11.522 Бошњаци; 2.153 власи; и 8.826 останати. Албанскиот јазик е втор службен јазик и во градот Скопје во кој живеат вкупно 506.926 жители, од кои нешто над 20% се албанци.

Турскиот јазик и писмо е втор службен јазик во 4 општини со вкупно 21.004 жител, од кои: 12.628 турци; 6.230 македонци; 1.967 албанци; 31 бошњак; 10 роми; 8 срби и 130 останати.

Ромскиот јазик и писмо е трет службен (покрај македонскиот и албанскиот) во 1 општина, со вкупно 20.800 жители, од кои: 13.342 роми; 5.516 албанци; 1.391 македонец; 177 бошњак; 59 срби; 56 турци; и 259 останати.

Српскиот јазик и писмо е трет службен јазик (покрај македонскиот и албанскиот), во 1 општина, со вкупно 8.493 жители, од кои: 4.019 македонец; 2.426 срби; 1.943 албанци; 23 роми; 16 власи; 1 бошњак; и 65 останати.

На тој начин еден или повеќе службени јазици кои се користат на подрачје на кое живеат вкупно 1.152.654 жители или околу 57% од сите жители на Република Македонија, што претставува зголемување од околу 16,7 % во однос на периодот пред 2004 година.

## Член 12
## А. Ромски јазик

Во процесот на разрешување на проблемите кај Ромите во рамките на приоритетите за стратешкото делување наведени во **Стратегијата за Ромите во Република Македонија**[5], како и области наведени во Декадата на Ромите, се процесуираат преку акционите планови на ресорните Министерства.

---

[4] Во Анекс 3 се дадени: Општини во кои покрај македонскиот и неговото кирилско писмо службен јазик е и јазикот и писмото кои го користат најмалку 20% од жителите на општината

[5] http://www.mtsp.gov.mk/proekti/Romi.htm

Во рамките на Министерство за образование и наука превземени се задачи за разрешување на проблемите во образованието во следните фази:

**1. Основно образование**

1.1. Зголемен опфат на ученици во основните училишта

1.2. Факултативно изучување на ромскиот јазик

1.3. Воведување во наставата, ромски јазик, како редовна настава

1.4. Во рамките на историјата на народите на Балканот, воведување содржина за ромската историја и култура

1.5. Подобрување на услови на учениците (материјални и финансиски) како проблем во разрешување на опфатот на учениците во основните училишта

**2. Средно образование**

2.1. Зголемен број на ученици во средно образование

2.2. Стипендирање на запишаните ученици во средните училишта

2.3. Ангажирање ментори за разрешување на проблеми со кои се судруваат учениците во текот на школувањето

2.4. Отварање средно училиште во општина со мнозинско ромско население

**3. Високо образование**

3.1. Зголемен број на запишани студенти Роми

3.2. Стипендирање на студентите

3.3. Воспоставување студиска група на ромски јазик на педагошките факултети

3.4. Воспоставување катедри за ромските студии

**4. Образование за возрасни**

4.1. Верификација на основните училишта за спроведување на образование за возрасни

4.2. Регистрирање и опфат на ученици со незавршено основно и средно образование

4.3. Обука на постојните наставници Роми за употреба на ромскиот јазик во наставниот процес

Во рамките на Министерство за образование и наука донесено е решение за формирање на Комисија за спроведување на активностите предвидени од образованието со акционен план како дел од националната стратегија во рамките на Декадата на Ромите.

Во рамките на **стипендирање** на ученици Роми запишани во прва година средно училиште во РМ, во **учебната 2004/2005** година опфатени се 272 ученика со програмите на УСАИД, ФИООМ и КАРИТАС.

Со Конкурсот објавен од МОН, за учебната 2004/2005 год. опфатени се 7 ученици.

Во учебната 2005/2006 г. стипендирањето на ученици Роми е во постапка и истиот не е завршен до денот на поднесувањето на овој Извештај.

**Б. Српски јазик**

-Управата обезбеди услови за отворање на паралелка на српски јазик во гимназијата "Гоце Делчев" во Куманово.

-Управата достави барање (на кое се' уште се чека одговор) до Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Филолошки факултет за отворање на катедра за за српски јазик, литература и култура.

## В. Босански јазик

- Со последните уставни измени во Република Македонија, Бошњаците како етничка заедница се влезени во преамбулата на Уставот и како уставна категорија според законот за основно образование имаат право да се школуваат на свој мајчин јазик , според условите пропишани со законот. До Управата неколку училишта со доминантен број од бошњачката заедница имат доставено барање за воведување на факултативна настава на босански јазик, воедно и барање за воведување на редовна настава од причини што во некои училишта наставата се одвива на српски јазик. Управата до Бирото за развој на образованието има доставено барање за изработка на наставни програми за факултативно изучување на босанскиот јазик. Од Бирото за развој на образованието до Управата пристигна одговор во кој се наведува дека е определен координатор и стручна група за да подготви факултативна програма на босански јазик. Отпочнат е процесот за прибирање литература како и контакти со професори од Универзитетот во Сараево и со професори од Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" од Скопје. Во текот на изработката на факултативната програма.

## Г. Турски јазик

-Управата има поднесено предлог-барање за отворање на паралелки на турски јазик во предучилишно, основно и средно образование, како и барање за превод на учебници за наведените нивоа на образование во формалното и факултативно образование кое се' уште не е реализирано.

## Д. Влашки јазик

Во периодот од 2002-2005 год. во однос на подобрување на квалитетот на образованието на влашката заедница нема никакви промени. Имено, неколку години по ред имаше барања од влашката заедница од Кичево за организирање на факултативна настава за децата власи, на кои, сеуште, нема никаков одговор. Такви барања има и од училишта од Велес и од Скопје, на кои исто така нема одговор.

Во однос на обезбедување наставен кадар за влашки јазик, во декември 2003 год. се одржа еднонеделен семинар, организиран од Министерството за образование и наука и Филолошкиот факултет, кој, во потполност, беше финансиран од влашката заедница.

На Педагошкиот факултет во Штип, во 2003 год., беше одлучено да се воведе влашки јазик како изборен предмет, но, засега, Факултетот нема обезбедено средства за наставникот.

**Ѓ. Албански јазик**

Правото на образование и наставата на албански јазик е регулирано и се одвива без особени пречки на сите нивоа на образование: претшколско, основно, средно и високо. Во 2004 година беше усвоен Законот за формирање на Државниот универзитет во Тетово ("Службен весник на РМ" бр. 8/04), со што се исполнува обврската за државно финансирање на високото образование на јазикот кои го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија. Наставниот процес на оваа институција (на албански јазик) започна во академската 2004/05, по нејзиното акредитирање.[6]

## Член 13

Според Уставот на Република Македонија, граѓаните имаат право, под услови утврдени со закон, да основаат приватни образовни институции во сите степени на образованието, освен основното.

Согласно член 10 од Законот за средно образование („Сл. весник на РМ" бр. 52/2002) и член 5 со измените и дополнувањата на Законот („Сл. весник на РМ" бр. 67/2004), приватно средно училиште може да основа домашно и странско правно и физичко лице врз основа на одобрение согласно наведениот Закон. Во РМ акредитирани од страна на МОН се три приватни средни општи училишта (гимназиско образование). Во две од нив наставниот процес се реализира на англиски јазик, а во едно на англиски и турски јазик. Во учебната 2004/2005 година, приватно средно училиште Јахја Кемал – Скопје и Гостивар во кое наставата се одвива на турски и англиски јазик имаше вкупно 771 ученик.

Во функција на подобрување на процентуалната застапеност на студентите од етничките заедници, во 2001 година е отворен првиот приватен универзитет во Република Македонија (Универзитетот на ЈИЕ во Тетово) со значајна подршка од меѓународната заедница, на кој наставата се изведува на албански, македонски и англиски јазик. Со неговото отворање вкупниот број на Албанци запишани на некои од високо образовните установи заклучно со студиската година 2003/2004 се зголеми и изнесуваше 10,4% од вкупниот број на запишани студенти во таа година.

## Член 14

Согласно Законот за основно образование (Службен весник на РМ. бр.52/2002 год) во член 8 се нагласува дека воспитно-образовната работа во основното училиште се изведува на македонски јазик и кирилското писмо. За припадниците на заедниците, воспитно-образовната работа се изведува на јазикот и писмото на заедниците на начин утврден со овој закон. Учениците на припадниците на заедниците, задолжително го изучуваат и македонскиот јазик.

[6] Во Анекс 4 е даден преглед на бројот на студенти според етничка припадност од академската 1992/93 до 2004/2005 година

Исто така, во Законот за средно образование (Службен весник на РМ бр 52/2002 год), во член 4 се нагласува исто така дека воспитно-образовната дејност во средното училиште се изведува на македонски јазик и кирилско писмо. За припадниците на заедниците воспитно-образовната дејност во јавните училишта се изведува на јазикот и писмото на заедниците на начин и под услови утврдени со овој Закон. Учениците припадници на заедниците, задолжително го изучуваат и македонскиот јазик. Во јавните средни училишта наставата може да се изведува и на еден од светските јазици. Во приватните училишта наставата може да се изведува и на странски јазик.

Наставата во воспитно-образовниот систем се изведува на четири наставни јазици (македонски, албански, турски и српски).

Согласно Наставниот план за основно училиште другите јазици на припадниците на заедниците се изучуваат факултативно (влашки, ромски).

Последните години во тек е реформа на основното и средното образование, а како последица на тоа и подготовка на нови учебници на четирите наставни јазици. Според информациите од Педагошката служба само за последниве две години се одобрени 175 учебници за различни наставни предмети за учениците од 5 до 8 одделение во основното образование. Голем број на учебници се подготвени и за учениците во средното образование, а за дел од учебниците (3 и 4 година) процедурата за нивно одобрување е во тек.

Учебниците, според Законот и според јавниот тендер, треба да бидат на јазиците на кои се изведува наставата во Република Македонија (македонски, албански, турски и српски јазик), а за предметите по мајчин јазик за факултативна настава-на ромски и влашки јазик. Според тоа, издавачот што ќе го добие тендерот за определен учебник, би требало истиот да го отпечати на сите јазици кои се во употреба во училиштата.

Целокупната процедура за одобрување на учебници е содржана во Законот за основно образование (од член 83 до член 93) и Законот за средно образование (од член 32 до член 42).

Според Законите сите етнички групи користат учебници на својот мајчин јазик.

Основното образование на крајот на учебната 2002/2003 година, според јазикот на кој ја следеле наставата го завршиле: 153.665 ученици на македонски јазик, 75.543 на албански јазик, 5825 на турски јазик и 483 на српски јазик.

Средното образование на крајот на учебната 2002/2003 година, според јазикот на кој ја следеле наставата го завршиле: 74.742 ученици на македонски јазик, 17.135 на албански јазик, 762 на турски јазик и 887 на англиски јазик.

Училиштата со настава на албански наставен јазик, особено градските училишта, работат во многу тешки услови врзани, пред се' со недостаток на простор, поради што голем број на училишта работат во три смени; и се' уште се чувствува недостаток на соодветен кадар, но во последно време се прават големи напори за пребродување на стекнатите состојби во образованието. Позитивните движења почнале да се воочуваат особено по започнувањето на имплементацијата на Охридскиот рамковен договор. Токму во овој период се направени позитивни чекори во поглед на надминувањето на проблемите. Опфатени се скоро сите училишта во одредни проекти кои имаат за цел да ја реформираат и унапредат воспитно-

образовната работа; се посетуваат многубројни семинари од страна на наставниците кои се подготвуваат за поуспешна работа во сложениот воспитно-образовен процес; се градат нови училишта, а исто така се подобруваат постојните состојби; со официјализирањето на Тетовскиот универзитет се ублажува недостатокот на соодветниот наставен кадар; се изготвуваат професионални програми за работа на училиштата и наставниците; се издаваат квалитетни учебници; се прават напори да се надополнат просветните институции (како што е Бирото за развој на образованието) со соодветен кадар, кој ќе го следи воспитно-образовниот процес на јазикот на националните малцинства и ќе пружа помош да се надминат постоечките проблеми.

Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието презедоа одредени чекори и направија големи напори за подобрување на состојбите со кои се соочува турското малцинство во Р. Македонија. Покрај општото залагање на Министерството за образование и наука за целокупното образование во Републиката, посебно треба да се истакнат напорите за отварање на нови паралелки на турски наставен јазик, со финансирање за печатење на учебници и друга стручна литература и др. Исто така, Бирото за развој на образованието при изготвувањето на новите наставни програми по турски јазик, а и при изготвувањето на новата Наставна програма по историја вклучи и членови-наставници од турската заедница, потоа организираше семинари по овие предмети и други семинари за подготвување на наставниците од овие паралелки за поуспешна работа во воспитно-образовниот процес.

Недостатокот од соодветен наставен кадар се' уште е проблем за турската заедница. На овој план МОН прави напори за негово решавање. Покрај постоечкиот Институт на Филолошкиот факултет во Скопје, со отварање на новите универзитети во Републиката и преку студии во Р. Турција, проблемот од недостаток на наставен кадар за одредени профили од одредени предмети постепено се решава.

Бирото за развој на образованието континуирано реализира проектни активности  во функција на надминување на состојбите во училиштата особено во мешаните етнички средини. Во таа насока е и проектот *Образование за сите* чија цел е обезбедување квалитетно образование за сите ученици во Република Македонија независно од нивната етничка, религиозна и културна припадност.

Со оглед на податокот дека процентот на осипувањето на учениците во основните и средните училишта е од ромска и албанска националност, проектот има за цел таа да го намали и да им обезбеди услови тие повторно да се интегрираат во образовниот систем. Досега се реализирани семинари со директори, наставници и претставници на стручни служби, социолози, психолози) кои се оспособени за преземање конкретни мерки во насока на намалување на осипувањето на овие ученици. Дистрибуиран е стручен и пропаганден материјал, спроведена е анкета со училишните тимови со цел откривање на причините за осипувањето и подготвена е стратегија за идни активности како да се спречи оваа појава. Проектните активности се реализираат во соработка со УНИЦЕФ - Канцеларија Скопје, која финансиски го поддржува проектот *Образование за сите*.

Како одделна поткомпонента на овој проект е и зголемувањето на опфатот на децата од вулнерабилните групи во основното и средното

образование, намалување на осипувањето на учениците, подобрување на условите на образованието на Ромите со посебен акцент на женската популација, обезбедување и подобрување на условите за образование на децата од руралните средини итн.

Тоа ќе се оствари преку подобрување на средината за учење во училиштата со голем број ромски деца, особено од женската популација; обезбедување на услови за образование на заедницата; развивање на свест за одговорност на заедницата, родителите и другите социјални фактори; зголемување на опфатот на учениците кои го продолжуваат формалното образование со акцент на одделенијата каде што има најголем процент на осипување, но, исто така, продолжување и во средното образование.

Активностите се реализираат во училишта и општини каде што има голема концентрација на ромско население, висока стапка на невработеност и низок степен на образование. За успешна реализација на овој проект придонесува и вклученоста на голем број невладини и граѓански асоцијации и сите компетентни институции и субјекти на локално ниво.

Во средните училишта каде се образоваат ромските деца се реализира исто така, проект на Институтот Отворено општество - Македонија *Програма за стипендирање и менторирање на ученици Роми во средното образование.* Во училиштата се формирани менторски тимови од наставници од општо-образовните предмети и стручните предмети, кои имаат обврска да им помагаат на учениците во зависност од искажаните потреби на децата. Претежно се има индивидуален пристап и со секое дете се работи вон наставата. Овој менторски пристап има за цел надминување на проблемите на кои наидува ученикот во текот на школувањето, постигнување на повисоки резултати, подобрување на поведението, односно намалување на изостанувањето од часови, развивање на свест за потреба од образование, оспособување за самообразование, продолжување на образованието на високообразовните институции, социјализација, стекнување на навики итн.

Проектот *Градење мостови* АЕССЕК, има за цел да овозможи повисока социјална кохезија меѓу младите луѓе. Проектот се реализира во средните училишта со ученици од различни етнички заедници.

Исто така, проектот *Европско движење* има за цел да ги запознае учениците со институциите, функциите и улогата на Европската унија и Европските организации и институции.

Проектот на ОБСЕ *Детските права*, се реализира во основните училишта со учениците од предметна настава во 5 и 6 одделение на часовите по предметот историја и македонски јазик. Учениците ги запознаваат детските права и потребата од нивно почитување.

Во рамките на повеќето училишта преку Советот на Европа и во соработка со Бирото за развој на образованието се формирани повеќе мултикултурни клубови со цел развивање на свеста кај учениците и потребата за интеркултурно разбирање и толерирање.

## Член 15

## Законодавна власт:

**Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија**, донесен од Собранието на Република Македонија во 2002 година ги афирмира уставните одредби со кои се гарантира избирачкото право. Имено, согласно член 3 од Законот: "Пратениците се избираат на општи, непосредни и слободни избори, со тајно гласање. Никој не смее да го повика избирачот на одговорност поради гласањето, ниту пак од него да бара да каже за кого гласал или зошто не гласал."

Право да избира има секој државјанин на Република Македонија кој наполнил 18 години живот и има деловна способност. Право да биде избран за пратеник има секој државјанин на Република Македонија ако: наполнил 18 години живот, има деловна способност и не се наоѓа на издржување казна затвор за сторено кривично дело. (член 4 и 5 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија)

Од припадниците на поединечните заедници во актуелниот состав на Собранието на Република Македонија, што вкупно брои 120 пратеници, 26 се Албанци, 3 Турци, 2 Бошњаци, 2 Срби, 1 Влав и 1 Ром, што претставува 29.1%. Ова претставува значително зголемување во однос на претходниот состав (по парламентарните избори во 1998 година) кога 27 пратеници или 22,5% се припадници на заедниците.(Албанци: 24 или 20%; Роми: 1 или 0,8%; други: 2 или 1,7 %.)

## Локална власт:

Законот за локалните избори (Службен весник на РМ бр. 45/04) ги реафирмира уставните одредби со кои се гарантира избирачкото право. Имено, според член 3, правото да избира има секој државјанин на Република Македонија кој наполнил 18 години, има деловна способност и е со постојано живеалиште во општината односно градот Скопје каде што се вршат избори. Право да биде избран за член на совет и градоначалник има секој државјанин на Република Македонија кој наполнил 18 години, има деловна способност, не се наоѓа на издржување казна затвор за сторени кривично дело и е со постојано живеалиште во општината односно градот Скопје каде што се вршат избори.

На локалните избори во **2004** година од вкупно 1391 советници во советите на општините, Албанци 351 или 25,23%, Турци 39 или 2,8%, Власи 11 или 0.8%, Роми 18 или 1.3%, Срби 26 или 1.9%, Бошњаци 6 или 0.4 %, други 15 или 1.1 % , непознати 33 или 2.4 %.

Во однос на избраните градоначалници, од вкупно 85, Албанци се 16 или 18.8%, Турци 2 или 2.36%, Роми 1 или 1.18%, Срби 2 или 2.36%, и непознато 3 или 3.54%.

## Извршна власт

Во однос на извршната власт, сите досегашни Влади избрани од страна на Собранието на Републиката беа коалициони, во кои една од партиите на албанската заедница беше коалиционен партнер.

Од 18 министри во Владата, 5 се припадници на албанската заедница. Еден од нив е и заменик на претседателот на Владата.

За унапредување на состојбата за застапеноста на припаднците на заедниците во **правосудните институции**, Владата на Република Македонија реализираше бројни активности. Така, во рамките на ПАЦЕ-Проектот во правосудството веќе се вработени 81 припадник на заедниците, од кои 24 во Министерството за правда, 42 во судовите, 10 во јавното обвинителство и 5 во казнено - поправните установи. Овој процес е интензивиран во текот на 2005 година за што во Буџетот на Република Македонија се планирани потребните средства. Покрај тоа, планирано е и вработување на преведувачи и дактилографи кои се припадници на заедниците што не претставуваат мнозинство. Оваа потреба произлегува од Амандманот 5 со кој се уредува правото на употреба на јазиците на заедниците во судските постапки и донесените измени и дополнувања на Законот за парничната постапка, Законот за кривичната постапка, Законот за извршната постапка и Законот за управните спорови.

**Во анекс 5 дадени се податоци за етничката структура на буџетските корисници, државни службеници и правосудството.**

## Член 16

Согласно обврските од Рамковниот договор, Собранието на Република Македонија ги донесе **сите споменати закони** со кои се зајакнаа овластувањата на единиците на локалната самоуправа и се обезбеди нивно соодветно финансирање:

1. Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр. 5/02)
2. Закон за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија", бр. 55/04)
3. Закон за градот Скопје ("Службен весник на Република Македонија", бр. 55/04)
4. Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија", бр. 61/04 и 96/04)
5. Закон за комуналните такси ("Службен весник на Република Македонија", бр. 61/04)
6. Закон за изменување и дополнување на Законот за административните такси ("Службен весник на Република Македонија", бр. 61/04)
7. Закон за даноците на имот ("Службен весник на Република Македонија", бр. 61/04)
8. Закон за дополнување на Законот за внатрешни работи ("Службен весник на Република Македонија", бр. 38/02)

Со законите 1-3 се дефинираа зајакнатите надлежности на единиците на локалната самоуправа, во согласност со горе-цитираните одредби на Рамковниот договор, како и новата територијална организација на Република Македонија и соодветното решение за градот Скопје. Законот за

територијалната организација на локалната самоуправа на Република Македонија и Законот за градот Скопје беа оспорени со иницијативата за спроведување референдум со кој се бараше враќање на старата територијална организација од 1996 година. На одржаниот референдум на 08.11.2004 година, покренатата иницијатива не ја доби потребната поддршка, со што се овозможи продолжување на процесот на децентрализација согласно Рамковниот договор и усвоената легислатива.

Со новите закони, бројот на општините се намали од 123 на 84 општини, со просечна големина од 25.000 жители, додека досегашното подрачје на Скопје е проширено од 7 на 10 градски општини, при што се допрецизирани односите меѓу градот и општините во негов состав.

Со законите 4 - 7 се дефинираа приходите на единиците на локалната самоуправа, во согласност со условите од Рамковниот договор т.е. се овозможи локалните власти да имаат доволно ресурси да ги извршуваат своите задачи, согласно новиот Закон за локална самоуправа. Воедно, законите овозможија и соодветна буџетска автономност и одговорност на единиците на локална самоуправа.

Со законот 8 целосно се имплементираше одредбата од Рамковниот договор во поглед на изборот на локален началник на полицијата и обврската тој да комуницира и реферира до Советот на општината, како и можноста Советот да усвои извештај во врска со јавната безбедност, кој ќе биде доставен до министерот за внатрешни работи и Народниот правобранител.

## Член 18

Како директна имплементација на членот 10 став 3 од Европската повелба за локалната самоуправа Законот за локалната самоуправа, како системски закон, предвидува дека општините можат да соработуваат со единици на локална самоуправа на други земји, како и со меѓународни организации на локалните заедници, како и да членуваат во меѓународни организации на локалните власти. Министерството надлежно за вршење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа е овластено да води евиденција за остварената меѓународна соработка на општините, во согласност со закон.

Во тек е изготвување на закон со кој подетално ќе се дорегулира оваа материја. Во тек е исто така и разгледувањето на можноста Република Македонија да ја потпише Европска рамковна конвенција за прекугранична соработка меѓу територијалните заедници или властите на Советот на Европа, со што ќе се овозможи целосна примена на меѓународните стандарди за соработка помеѓу локалните власти од граничните области на Република Македонија со соседите и пошироко.

На 6 јули 2004 година, Република Македонија и Србија и Црна Гора потпишаа меѓудржавна Спогодба за заштита на македонското национално малцинство во СЦГ и на српското и црногорското во Република Македонија . Во меѓувреме, Спогодбата беше ратификувана од парламентите на двете држави: од Собранието на Република Македонија на 18.11.2004 година (Службен весник на Република Македонија, бр. 83/04), а од Парламентот на СЦГ на 29.06. 2005 г. и со тоа Спогодбата стапи во сила на 19 јули 2005 година.

## ТРЕТ ДЕЛ

## Одговори на поединечните прашања на Советодавниот Комитет упатени на 15 јануари 2003 година до Република Македонија.

1. Дијалогот и консултациите со Здружението на Египќаните во Република Македонија беа започнати со средбата со претседателот на Здружениteo, д-р Рубин Земон во декември 2005 година. Ова Здружение и опфаќа најголем број припадници на оваа заедница во РМ. Начелно беше договорено дијалогот да продолжи по доставувањето на конкретни барања од страна на здружението во однос на вклучување на оваа група во заштитата предвидена со РКНМ, во персонална смисла.

2. Во рамките на вториот дел од Извештајот, задржувајќи го пристапот член по член, беше детално елаборирано за заокружувањето на законската рамка, како дел од имплементацијата на Охридскиот Договор.

3. Деталниот одговор на ова прашање е презентиран при елаборацијата на имплеметацијата на членовите 12 и 13 од овој Извештај.

4. Со донесување на Закон за основање на Државен универзитет во Тетово ("Службен весник на Република Македонија" број 8/2004), се основа Државниот универзитет во Тетово, кој започна да работи според Законот за високото образование од 1 октомври 2004 година. Во негов состав се вкупно 5 факултети и тоа: Природно-математички факултет; Факултет за хуманистички науки и за уметности; Економски факултет; Правен факултет и Центар за политехнички студии, како висока стручна школа. На овој универзитет, наставата за припадниците на албанската заедница кои се повеќе од 90% од запишаните студенти, се изведува на албански јазик. Со Одлуката на Владата на Република Македонија за дополнителни квоти за запишување студенти припадници на заедниците, за учебната 2004/2005 година, се предвиде на државните универзитети, каде постојат студиски програми кои се застапени и на Државниот универзитет во Тетово, припадниците на албанската заедница да се запишуваат само во редовните квоти.

5. Глобализацијата, како светски процес, меѓу другото, ги интензивира и процесите на конструкцијата и политичката артикулација на етничките идентитети. Овој тренд на интернационализација на малцинските (етничките) права е посебно актуелен за земјите во транзиција, кои го имаат статусот на кандидати за членство во ЕУ или пак тежнеат да го добијат. Секако ваквата заложба ја моделира и агендата на стандарди и критериуми, кои треба да ги вградат овие земји во својата легислатива заради афирмација и заштита на човековите права. Искуствените сознанија укажуват дека традиционалниот пристап во решавањето на малцинските прашања, кога се во прашање Ромите, не ги дава очекуваните резултати.

Имено состојбата со Ромите, во однос на другите етнички заедници, сосема се разликува, па во таа смисла ваквиот пристап, не ја апсолвира оваа проблематика на ефикасен начин. Токму затоа, за овие земји, се наметна и потребата од изготвување посебни Национални Стратегии за Ромите, кои треба да излезат во пресрет на специфичните потреби и проблеми, со кои перманентно се соочува оваа етничка заедница. Имено, мотивот за конципирање, еден ваков документ, посветен исклучиво на Ромите, е детерминиран од потребата, да се осмисли, сеопфатна и конзистентна политика, која ќе ги идентификува круцијалните теми и проблеми, кои реферираат на одделни специфики кај оваа група, но во рамките на глобално дефинираниот клучен развоен тренд. Иако во однос на Ромите, како етничка заедница, Република Македонија има направено значителен позитивен исчекор, во однос на другите држави, сепак, во споменатиот контекст, таа не е исклучок. Сепак досега недостасуваше конзистентна и координирана политика за да се излезе во пресрет на специфичните потреби, кои последици се манифестирани во реалноста. Од тука, изготвувањето на Стратегијата за Ромите во Република Македонија, произлегува од нејзината аспирација за членство во Европската Унија. Тоа наложува изградба на сеопфатна политика на равој за Ромите усогласна со Копенхашките критериуми за пристап кон ЕУ како и бројни други документи на ЕУ кои директно реферираат на Ромите

Исто така, ваквата обврска е детерминирана и од Нацрт-препораките на Советот на министри на Советот на Европа, кои ги определуваат мерките, кои треба да се имплементираат од страна на државите, во однос на оваа популација. Во таа смисла, секоја од владите има задача да подготви национална, долгорочна, сеопфатна и кохерентна стратегија за интеграција на Ромите во општеството. Како што наведува Агендата 2000, потребно е да се постигне траен развој во социјалната, економската и политичката сфера и особено, да се обезбеди заштита од дискриминација и расизам, вклучително и пристојно домување, соодветно образование и здравствени услуги.

Воедно, решавајќи ги проблемите во овие сфери, оваа стратегија се вклопува и совпаѓа со напорите на владата за намалување на сиромаштијата воопшто, бидејќи Ромите се сметаат како најранлива етничка заедница во Републиката. Фактите говорат дека сиромаштијата на Ромите е многу повисока отколку на било која друга група и таа се темели на бројни акумулирани фактори кои задираат во историјата, традицијата и нивната перманентна социјална ексклузија. Реперкусиите од ваквата состојба се манифестираат негативно врз нивото на образование, пристапот кон јавните услуги, вработувањето, домувањето, здравството и сл. Затоа, потребно е промовирање на *инклузивна политика* која ќе овозможи излез од постојниот круг на зависност и дискриминација кои детерминираат долгорочно перпетуирање на сиромаштијата.

Иако досега Република Македонија се обидувала да изгради стандарди за заштита на етничките заедници кои живеат во неа, сепак кога се во прашање конкретно Ромите, евидентно е отсуството на конзистентна државна политика како и координација на напорите и ресурсите. Сепак во изминатиот период постоеле и се реализираат одредени проекти кои се однесуваат на оваа популација, но тие напори биле парцијални и не биле во состојба да ги решат проблемите на пошироко ниво. Во момент кога

Република Македонија го промовира квалитетот на мултикултурно општество и чекори кон евроинтеграцијата, мошне е важно да покаже волја и ангажираност во дефинирањето и примената на стратешките приоритети кои се однесуваат на потребите на Ромите. Од посебна важност во овој процес е подобрувањето на капацитетот на претставниците на ромската заедница, факт што обезбедува поквалитетна повратна реакција и сугестии за политиките кои ќе бидат прифатени за имплементација во стратегијата.

Стратегијата како документ, кој претставува облик на афирмативна акција која се применува без разлика на постојната регулатива и права кои реферираат на заштитата на малцинските права, нејзина главната цел е да промовира јакнење и интегрирање на Ромите во главните општествени и економски текови на Република Македонија преку дефинирање на основните правци за остварување на една осмислена мултидимензионална државна политика, која ќе служи како приоритетна основа врз која ќе се надоврзуваат конкретни проекти кои ќе третираат одредени нејзини сегменти.

Истовремено, Стратегијата треба да одговори на реалните потреби, проблеми и приоритети на Ромите и да воведе избалансиран и одржлив пристап, при комбинирањето на зацртаните цели, во сообразност со легално загарантираните човекови права и политиката на државата. Мирната коегзистенција, но и интеграција, со мнозинството, ќе се обезбеди преку подобрување на социјалната позиција на ромската заедница, овозможување на еднаков пристап кон постојните можности, афирмирање на принципот на позитивна дискриминација, како и развивање на идентитетот и културата на Ромите. Единствено мултидимензионалноста во пристапот при креирањето и реализацијата на Стратегијата, може да го гарантира нејзиното успешно имплементирање.

Република Македонија е единствената држава од нашето најблиско соседство која до 2005 год. немаше усвоена Национална Стратегија за Ромите. Поседувањето на ваков документ не е од интерес само за Ромската заедница во Р. Македонија, во исто време е и дел од критериумите за нејзино вклучување во интеграционите процеси на Европската Унија. Од овие причини, на почетокот од минатата година започнаа првите активности за подготовката на Националната Стратегија за Ромите. Носител на активностите е Министерството за труд и социјална политика кој во исто време е и носител на активностите за подготовка на Националните Акциони Планови за меѓународната иницијатива Декадата за Ромите 2005 - 2015.

Бидејќи подготовката и изработката на текстот на Националната Стратегија бара стручна подготовка и знаење, Министерството за труд и социјална политика на почетокот од минатата година ангажира независен експерт кој го подготви текстот на Нацрт Стратегијата за Ромите во Република Македонија. За време на подготовката се одржаа четири тркалезни маси со претставници од ресорни министерства и релевантни ромски претставници (политички партии и НВОрганизации) со кои заеднички се продискутираа текстот, имплементацијата, мониторингот, евалуацијата и финансирањето на активностите предвидени во Стратргијата.

Бидејќи Стратегијата претставува комплексен документ кој не може да претпостави вклучување само на едно ресорно министерство или само на Владата, туку императив е во нејзиното креирање, (определување на

стратешките приоритети) како и во нејзината реализација, да учествуваат и претставници на ромската заедница, а со цел да се обезбеди консензус, широка поддршка и успех во имплементацијата на истата. Значи неопходно е воспоставување перманентна комуникација меѓу владата и носителите на влијание во ромската заедница, а со цел да се оствари непосредна артикулација на постојните интереси и нивно успешно инкорпорирање во спроведувањето на замислената политика од страна на државата. Преку тоа ќе се интензивираат демократските процеси во Републиката, правејќи го процесот на донесување одлуки транспарентен, а финално ќе овозможи Ромите како етничка група овој документ да го доживеат како свој. Преку сите овие елементи, Стратегијата добива дополнителна вредност, легитимитет и тежина, а со тоа и шанси за поуспешна имплементација. Се очекува дека сите инволвирани актери на овој начин ќе ја поделат одговорноста за нејзината реализација.

Стратегијата за Ромите како важен документ беше усвоен на седница на Владата на Р. Македонија на 31.01.2005 год. со чие усвојување Владата се обврза истата и да ја имплементира. Бидејќи Владата на Република Македонија е една од деветте земји учеснички во иницијативата ,,Декада за вклучување на Ромите,, формираше Национална Работна Група составена од претставници од ресорни министерства и ромски претставници (НВО и политички претставници), која група ги изготви Националните Акциони Планови за четирите приоритетни области од Декадата (образование, вработување, здравство и домување) кои воедно се и планови за Стратегијата за Ромите, и истите ги усвои на почетокот на 2005 г.

За побрза и поефикасна имплементација на овие Национални Акциони Планови, Националната Работна Група подготви Оперативни Планови за имплементација на Националните Акциони Планови со конкретен буџет кои Владата на Република Македонија ги усвои на седница од 18.11.2005 год. На таа седница Владата на Р.Македонија го задолжи Министерството за труд и социјална политика да подготви финансиски контрибуции на програмите од министерствата кои ќе бидат насочени кон подобрување на состојбата на Ромите во РМ и да ја следи реализацијата на средствата наменети за имплементација на Националните Акциони Планови.

6. Детална елаборација на разработката на принципот на недискриминација во законодавството на РМ е опфатена при деталната презентација на имплементацијата на член 4.

7. Сите најнови податоци се содржани во анексот 5 кон овој Извештај.

8. Согласно член 21 од Законот за азил и привремена заштита на Република Македонија (Сл.весник на РМ.бр.49/03) ,, кога барателот на право на азил не го разбира јазикот во постапката, Одделението за азил на тоа лице ќе му обезбеди толкувач на јазикот на земјата на потекло или на јазик што тој го разбира.Трошоците за толкувач ги обезбедува Министерството за внатрешни работи.Толкувачот е должен да ги чува како тајна податоците кои ги дознал во текот на постапката. Барателите на право на азил имаат право на толкувач од ист пол во рамките на можностите.

Во текстот на овој Член би требало да се додадат и некои од одредбите на Законот за азил и привремена заштита на Република Македонија, имено:

Во Член 57 од ЗАПЗ се вели ,, Во согласност со законските прописи во Република Македонија признанениот бегалец има право на трансфер на имотот кој е внесен на територијата на Република Македонија и слободно изнесување на вложениот капитал и добивката во друга земја каде е примен заради ново населување,,.

Во Член 45 од ЗАПЗ се вели ,,На барател на право на азил или лице под хуманитарна заштита може да му се издаде патен лист за странец, согласно Законот за движење и престој на странци,,.

Во Член 43 се вели ,,На барање на признаен бегалец кој наполнил 18 години живот, се издава патна исправа со важност од 2 години. Важењето на патната исправа може да се продолжува. За лице помладо од 18 години, барањето за издавање на патната исправа го поднесува неговиот законски застапник. Ваквата патна исправа не значи дека лицето има право да бара заштита во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија во странство.

9. Законот за државјанството на Република Македонија од 1992 година е донесен во услови на конституирање на Република Македонија како самостојна и суверена држава, врз основа на на Уставот на Република Македонија од 1991 година и оформувањето на правниот систем како основа за функционирање на новата држава. Овој закон претставуваше солидна основа за решавање на прашањата на државјанството како во контекст на сукцесијата на поранешната СФРЈ така и во решавањето на голем број индивидуални случаи во областа на државјанството. Принципот на правниот континуитет содржан во одредбите на овој закон, транзициската одредба со која се регулираше стекнувањето на државјанство на лица од поранешните републики на СФРЈ, како и останатите одредби на Законот овозможија формирање на иницијалното тело на државјани на Република Македонија уште во првите години на осамостојување на Република Македонија, а воедно овозможија поголемиот број на граѓани да го регулираат својот државјански статус.

Со членството во Советот на Европа, Република Македонија прифати да го следи развојот на легислативата на оваа организација и истата да ја имплементира во своето внатрешно законодавство. Во тој правец, а врз основа на заклучоците на Владата на Република Македонија, Република Македонија на 06.11.1997 година ја потпиша Европската Конвенција за државјанството, како значаен документ кој во рамките на Европа ги сублимира досегашните искуства во оваа област и утврдува начела и смерници за внатрешните законодавства на земјите членки.

Собранието на Република Македонија на 18.02.2002 година ја ратификуваше Европската Конвенција за државјанството.

Со цел усогласување на постојниот Закон со Европската Конвенција за државјанството и меѓународните правни стандарди од оваа област, како и создавање на правна основа за надминување на согледаните недоречености и тешкотии во праксата, беше формирана Експертска група која работеше на подготовка на измените и дополнувањата на Законот.

Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 22. 01. 2004 година го донесе Законот за измени и дополнувања на Законот за државјанството на Република Македонија ("Службен весник на РМ" број 08/2004). Законот стапи на сила и се применува од 02. 03. 2004 година.

Со цел усогласување на Законот за државјанството на Република Македонија со Глава 6 "Државна сукцесија и државјанство" од Европската конвенција за државјанство и создавање трајни решенија на проблемите на де јуре и де фацто без државјанство по распаѓањето на поранешната СФРЈ, повторно како и во претходното законско решение (член 26 став 3) со измените и дополнувањата на законот истиот се дополнува со преодна одредба според која државјаните на другите републики на поранешната СФРЈ и државјаните на поранешната СФРЈ кои на 8 септември 1991 година имале пријавено живеалиште, до поднесување на барањето постојано живеат на територијата на Република Македонија и имаат вистинска и ефективна врска со Република Македонија можат да се стекнат со државјанство на Република Македонија ако во рок од две години по влегувањето во сила на овој закон поднесат барање, доколку против нив не се води кривична постапка во Република Македонија, за кривични дела со кои се загрозува безбедноста и одбраната на Република Македонија и ги исполнуваат условите од член 7 став 1 точки 1 (да има осумнаесет години живот) и 6 (да го владее македонскиот јазик) на Законот. Значи за оваа категорија граѓани не се бараат дополнителни докази за обезбеден постојан извор на средства за егзистенција, доказ за стан и така натаму.

На овој начин повторно е дадена можност на лицата кои потекнуваат од поранешна СФРЈ и долги години како и во времето на сукцесијата живееле и продолжиле да живеат во Република Македонија, а од различни објективни или субјективни причини не го регулирале својот статус во државата, да го остварат правото на државјанство под особено олеснителни околности.

Напоменуваме дека измените и дополнувањата на Законот за државјанството на Република Македонија беа позитивно оценети и од Високиот комесаријат за бегалци при Обединетите нации и од Советот на Европа со чија
соработка беше подготвуван текстот на амандманите, а со нивна поддршка беа одржани неколку работилници на тема измени и дополнувања на Законот за државјанство на кои учествуваа експерти од овие организации како и експерти од Република Македонија и други учесници.

Практично, Законот за измени и дополнувања на Законот за државјанствотото се применува од 02. 03. 2004 година, одржани се работни советувања со сите вработени во Министерството за внатрешни работи кои работат на работни задачи поврзани со приемот на поднесоци и на постапката за стекнување и отпуст од државјанство на Република Македонија, а за измените и дополнувањата на законот известени се навремено и сите дипломатско-конзуларни претставништва на Република Македонија. Во соработка со Канцеларијата на Високиот комесаријат за бегалци во Скопје изменети се и дополнети брошурите (публикувани на македонски, англиски, албански и ромски јазик, а во тек е подготовка и на турски) намените за граѓаните во кои е содржана процедурата и начините за стекнување на државјанство на Република Македонија, а се со цел и можните апликанти да бидат целосно и правилно информирани. Исто така со

подршка на Високиот комесаријат за бегалци во октомври 2004 година беше одржан и семинар на тема измените и дополнувањата на Законот за државјанството на Република Македонија на кој учество земаа и експерти на Совет на Европа, Високиот комесаријат за бегалци, домашни експерти од оваа област, вработените во Министерството, невладини организации и други субјекти.

Законот за измени и дополнувања на Законот за државјанството на Република Македонија (’Службен весник на РМ" број 08/2004) стапи на сила на 02. 03. 2004 година и успешно се применува веќе 20 месеци. Министерството за внатрешни работи очекува дека доследното спроведување на овој закон ќе им овозможи на сите лица државјани на другите републики на поранешната СФРЈ и државјаните на поранешната СФРЈ, без оглед на која етничка група припаѓаат, кои по сукцесијата на државата продолжија да живеат во Република Македонија, да го регулираат државјанскиот статус во Република Македонија односно да се стекнат со државјанство на Република Македонија.

Во текот на примената на членот 14 Министерството за внатрешни работи доследно и многу широко ги применува одредбите од истиот член и се ангажира на анимацијата на граѓаните со цел да им ги приближи можностите за стекнување на државјанство. Пред се' со стапување на сила на Законот за измени и дополнувања на Законот за државјанството на Република Македонија во согласност со одредбите од овој закон сите постапки кои беа поведени пред донесувањето на измените и дополнувањата и каде што за тоа постоеја услови беа пренасочени и продолжија да се водат согласно членот 14. Во текот на овој изминат период на примена на Законот за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Македонија во организација на Американската адвокатска асоцијација одржани се четири регионални средби со претставници на вработени во Министерството за внатрешни работи кои во подрачните единици на Министерството работат конкретно на прибирање на барања за стекнување на државјанство на Република Македонија, претставници од седиштето на Министерството кои работат на оваа проблематика и невладини организации кои пружаат правна и финансиска помош во областа на државјанството кои дадоа големи резултати во однос на надминување на одредени прашања кои се појавија во почетокот на примената на измените и дополнувањата на Законот.

Министерството за внатрешни работи и понатаму, во соработка со Високиот комесаријат за бегалци, Советот на Европа, ОБСЕ и невладините организации кои покриваат прашања поврзани со граѓанскиот и државјанскиот статус на граѓаните, ќе продолжат да ја информираат јавноста за измените и дополнувањата на Законот за државјанството со цел преодната одредба да биде максимално доближена до оние лица за кои всушност е наменета. Во функција на наведеното се и брошурите, веб страната на Министерството во која се содржани измените, спотовите кои се емитуваа за државјанство, соопштението на МВР емитувано преку сите медиуми, подготвеноста на Министерството за учество на средби и трибини во организација на невладиниот сектор, политички партии, медиуми и така натаму.

Со оглед на фактот дека преодната одредба е во важност до 02. 03. 2006 година Министерството за внатрешни работи во наредниот период

повторно ќе ја активира и засили кампањата за информирање на јавноста и самостојно, но и со помош на невладиниот сектор, Високиот Комесаријат за бегалци, ОБСЕ, УСАИД, Американската адвокатска канцеларија, се со цел информациите правилно и навремено да стигнат до лицата до кои се наменети. Во оваа насока повторно ќе бидат емитувани спотовите и соопштението, ќе се одржи на почетокот на декември оваа година завршна работна средба за вработените во Министерството и невладиниот сектор на која ќе се сумираат досегашните резултати и ќе се дефинираат понатамошните активности и така натаму.

Според досегашната практична примена на Законот за измени и дополнувања на Законот за државјанство на Република Македонија, согледување на Министерството за внатрешни работи е дека нема посебни потешкотии во спроведувањето на истиот за што показател е и анализата на вкупно донесени решенија по сите основи од Законот, според која процентот на позитивни одлуки е околу 95%, а поединечните дилеми и прашања се надминаа во соработка со останатите надлежни субјекти во државата. За илустрација, во овој период на примена на преодната одредба со државјанство на Република Македонија само по овој основ се стекнале над 2 600 лица, а во постапка по истиот основ се водат околу 1400 предмети.

Повторно сметаме за потребно да укажеме дека еден од основните принципи на Законот за државјанството на Република Македонија е принципот на еднаквост и недискриминација по ниту еден основ и од тие причини не е целисходно да се прави никаков посебен осврт или предвидување на посебни олеснувачки услови за било која етничка група во Република Македонија. Со таков пристап во законот споменатите принципи врз кои несомнено се темели и Европската конвенција за државјанството би биле суспендирани. Во оваа прилика повторно истакнуваме дека Законот за државјанството на Република Македонија ниту пак измените на истиот во ниту еден сегмент немаат дискриминаторски ефекти по било кој основ, не само во однос на Албанците и Ромите, туку во поглед на било која популација. Добрата анализа на Законот и неговата долгогодишна примена покажуваат дека начелото на недискриминација се проткајува како во поглед на предвидените услови така и во односот кон апликантите за стекнување со државјанство на Република Македонија.

## Анекс 1

**ОПШТИНИ**
во кои може да се истакнува знаме со кои одредена заедница
го изразува својот идентитет и особености

| Ред. бр | Општина | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % |
| 1. | АРАЧИНОВО | 596 | 5.14 | 10879 | **93.81** | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 |
| 2. | БРВЕНИЦА | 5949 | 37.52 | 9770 | **61.62** | 2 | 0.01 | 0 | 0.00 |
| 3. | ВРАПЧИШТЕ | 1041 | 4.10 | 21101 | **83.08** | 3134 | 12.34 | 0 | 0.00 |
| 4. | ГОСТИВАР | 15877 | 19.59 | 54038 | **66.68** | 7991 | 9.86 | 2237 | 2.76 |
| 5. | ДЕБАР | 3911 | 20.01 | 11348 | **58.07** | 2684 | 13.73 | 1080 | 5.53 |
| 6. | БОГОВИЊЕ | 37 | 0.13 | 27614 | **95.23** | 1183 | 4.08 | 5 | 0.02 |
| 7. | ЛИПКОВО | 169 | 0.62 | 26360 | **97.42** | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 |
| 8. | ПЛАСНИЦА | 34 | 0.75 | 20 | 0.44 | 4446 | **97.82** | 0 | 0.00 |
| 9. | СТРУГА | 20336 | 32.09 | 36029 | **56.85** | 3628 | 5.72 | 116 | 0.18 |
| 10. | СТУДЕНИЧАНИ | 309 | 1.79 | 11793 | **68.38** | 3285 | 19.05 | 73 | 0.42 |
| 11. | ТЕАРЦЕ | 2739 | 12.20 | 18950 | **84.39** | 516 | 2.30 | 67 | 0.30 |
| 12. | ТЕТОВО | 20053 | 23.16 | 60886 | **70.32** | 1882 | 2.17 | 2357 | 2.72 |
| 13. | ЦЕНТАР ЖУПА | 814 | 12.49 | 454 | 6.96 | 5226 | **80.17** | 0 | 0.00 |
| 14. | САРАЈ | 1377 | 3.89 | 32408 | **91.53** | 45 | 0.13 | 273 | 0.77 |
| 15. | ЧАИР | 15628 | 24.11 | 36971 | **57.03** | 4500 | 6.94 | 3083 | 4.76 |
| 16. | ШУТО ОРИЗАРИ | 1391 | 6.69 | 5516 | 26.52 | 56 | 0.27 | 13342 | **64.14** |

# Анекс 2

## ОПШТИНИ
## во кои се формираат Комисии за односи меѓу заедниците

| Ред. бр. | Општина | Вкупно | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Власи | | Срби | | Бошњаци | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % |
| 1. | БРВЕНИЦА | 15.855 | 5.949 | 37.52 | 9.770 | 61.62 | 2 | 0.01 | | | | | 78 | 0.49 | 1 | 0.01 |
| 2. | ВРАНЕШТИЦА | 1.322 | 1.033 | 78.14 | 10 | 0.76 | 276 | 20.88 | | | | | 2 | 0.15 | | |
| 3. | ГОСТИВАР | 81.042 | 15.877 | 19.59 | 54.038 | 66.68 | 7.991 | 9.86 | 2.237 | 2.76 | 15 | 0.02 | 160 | 0.20 | 39 | 0.05 |
| 4. | ДЕБАР | 19.542 | 3.911 | 20.01 | 11.348 | 58.07 | 2.684 | 13.73 | 1.080 | 5.53 | 2 | 0.01 | 22 | 0.11 | 3 | 0.02 |
| 5. | ДОЛНЕНИ | 13.568 | 4.871 | 35.90 | 3.616 | 26.65 | 2.597 | 19.14 | 13 | 0.10 | | | 16 | 0.12 | 2.380 | 17.54 |
| 6. | ЗЕЛЕНИКОВО | 4.077 | 2.522 | 61.86 | 1.206 | 29.58 | 1 | 0.02 | 92 | 2.26 | 1 | 0.02 | 45 | 1.10 | 191 | 4.68 |
| 7. | ЈЕГУНОВЦЕ | 10.790 | 5.963 | 55.26 | 4.642 | 43.02 | 4 | 0.04 | 41 | 0.38 | | | 109 | 1.01 | 1 | 0.01 |
| 8. | КИЧЕВО | 30.138 | 16.140 | 53.55 | 9.202 | 30.53 | 2.430 | 8.06 | 1.630 | 5.41 | 76 | 0.25 | 86 | 0.29 | 7 | 0.02 |
| 9. | КРУШЕВО | 9.684 | 6.081 | 62.79 | 2.064 | 21.31 | 315 | 3.25 | | | 1.020 | 10.53 | 38 | 0.39 | 137 | 1.41 |
| 10. | КУМАНОВО | 105.484 | 63.746 | 60.43 | 27.290 | 25.87 | 292 | 0.28 | 4.256 | 4.03 | 147 | 0.14 | 9.062 | 8.59 | 20 | 0.02 |
| 11. | МАВРОВО И РОСТУША | 8.618 | 4.349 | 50.46 | 1.483 | 17.21 | 2.680 | 31.10 | 10 | 0.12 | | | 6 | 0.07 | 31 | 0.36 |
| 12. | ПЕТРОВЕЦ | 8.255 | 4.246 | 51.44 | 1.887 | 22.86 | 75 | 0.91 | 134 | 1.62 | | | 415 | 5.03 | 1.442 | 17.47 |
| 13. | СОПИШТЕ | 5.656 | 3.404 | 60.18 | 1.942 | 34.34 | 243 | 4.30 | | | 4 | 0.07 | 32 | 0.57 | | |
| 14. | СТРУГА | 63.376 | 20.336 | 32.09 | 36.029 | 56.85 | 3.628 | 5.72 | 116 | 0.18 | 656 | 1.04 | 106 | 0.17 | 103 | 0.16 |
| 15. | ТЕТОВО | 86.580 | 20.053 | 23.16 | 60.886 | 70.32 | 1.882 | 2.17 | 2.357 | 2.72 | 15 | 0.02 | 604 | 0.70 | 156 | 0.18 |
| 16. | ЧАШКА | 7.673 | 4.395 | 57.28 | 2.703 | 35.23 | 391 | 5.10 | | | 1 | 0.01 | 55 | 0.72 | 67 | 0.87 |
| 17. | ЧУЧЕР – САНДЕВО | 8.493 | 4.019 | 47.32 | 1.943 | 22.88 | | | 23 | 0.27 | 16 | 0.19 | 2.426 | 28.56 | 1 | 0.01 |
| 18. | БУТЕЛ | 37.371 | 22.553 | 60.35 | 10.266 | 27.47 | 1.304 | 3.49 | 561 | 1.50 | 120 | 0.32 | 1.041 | 2.79 | 970 | 2.60 |
| 19. | ЧАИР | 64.823 | 15.628 | 24.11 | 36.971 | 57.03 | 4.500 | 6.94 | 3.083 | 4.76 | 78 | 0.12 | 621 | 0.96 | 2.950 | 4.55 |
| 20. | ШУТО ОРИЗАРИ | 20.800 | 1.391 | 6.69 | 5.516 | 26.52 | 56 | 0.27 | 13.342 | 64.14 | | | 59 | 0.28 | 177 | 0.85 |
| 21. | ГРАД СКОПЈЕ | 506.926 | 338358 | 66.85 | 103.891 | 20,49 | 8.595 | 0,01 | 23.475 | 0,05 | 2.557 | 0,005 | 14.298 | 0,028 | 7.585 | 0,014 |

## Анекс 3

**ОПШТИНИ**
**во кои покрај македонскиот и неговото кирилско писмо службен јазик е**
**и јазикот и писмото кои го користат најмалку 20% од жителите на општината.**

| | Име на општина | Име на седиштето на општината | Население | Бр.на нас.места | Мк | Ал | Тур | Ро | Вл | Ср | Бош | Ос |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | % | % | % | % | % | % | % | % |
| 1. | АРАЧИНОВО | АРАЧИНОВО | 11.597 | 4 | 5 | 94 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 2 | БРВЕНИЦА | БРВЕНИЦА | 15.855 | 10 | 38 | 62 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 3 | ВРАНЕШТИЦА | ВРАНЕШТИЦА | 1.322 | 15 | 78 | 1 | 21 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 4 | ВРАПЧИШТЕ | ВРАПЧИШТЕ | 25.399 | 15 | 4 | 83 | 12 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 5 | ГОСТИВАР | ГОСТИВАР | 81.042 | 35 | 20 | 67 | 10 | 3 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| 6 | ДЕБАР | ДЕБАР | 19.542 | 18 | 20 | 58 | 14 | 6 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| 7 | ДОЛНЕНИ | ДОЛНЕНИ | 13.568 | 37 | 36 | 27 | 19 | 0 | 0 | 0 | 18 | 1 |
| 8 | ЖЕЛИНО | ЖЕЛИНО | 24.390 | 18 | 0 | 99 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 9 | ЗАЈАС | ЗАЈАС | 11.605 | 13 | 2 | 97 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| 10 | ЗЕЛЕНИКОВО | ЗЕЛЕНИКОВО | 4.077 | 14 | 62 | 30 | 0 | 2 | 0 | 1 | 5 | 0 |
| 11 | ЈЕГУНОВЦЕ | ЈЕГУНОВЦЕ | 10.790 | 17 | 55 | 43 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| 12 | БОГОВИЊЕ | БОГОВИЊЕ | 28.997 | 14 | 0 | 95 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| 13 | КИЧЕВО | КИЧЕВО | 30.138 | 7 | 54 | 31 | 8 | 5 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| 14 | КРУШЕВО | КРУШЕВО | 9.684 | 19 | 63 | 21 | 3 | 0 | 11 | 0 | 1 | 0 |
| 15 | КУМАНОВО | КУМАНОВО | 105.484 | 48 | 60 | 26 | 0 | 4 | 0 | 9 | 0 | 1 |
| 16 | ЛИПКОВО | ЛИПКОВО | 27.058 | 22 | 1 | 97 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| 17 | МАВРОВО И РОСТУША | РОСТУША | 8.618 | 42 | 50 | 17 | 31 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| 18 | ОСЛОМЕЈ | ОСЛОМЕЈ | 10.420 | 16 | 1 | 98 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| 19 | ПЕТРОВЕЦ | ПЕТРОВЕЦ | 8.255 | 16 | 51 | 23 | 1 | 2 | 0 | 5 | 17 | 1 |
| 20 | ПЛАСНИЦА | ПЛАСНИЦА | 4.545 | 4 | 1 | 0 | 98 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| 21 | СОПИШТЕ | СОПИШТЕ | 5.656 | 13 | 60 | 34 | 4 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 22 | СТРУГА | СТРУГА | 63.376 | 51 | 32 | 57 | 6 | 0 | 1 | 0 | 0 | 4 |
| 23 | СТУДЕНИЧАНИ | СТУДЕНИЧАНИ | 17.246 | 19 | 2 | 68 | 19 | 0 | 0 | 0 | 10 | 1 |
| 24 | ТЕАРЦЕ | ТЕАРЦЕ | 22.454 | 13 | 12 | 84 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| 25 | ТЕТОВО | ТЕТОВО | 86.580 | 20 | 23 | 70 | 2 | 3 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| 26 | ЦЕНТАР ЖУПА | ЦЕНТАР ЖУПА | 6.519 | 23 | 12 | 7 | 80 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 27 | ЧАШКА | ЧАШКА | 7.673 | 42 | 57 | 35 | 5 | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 |
| 28 | ЧУЧЕР - САНДЕВО | ЧУЧЕР - САНДЕВО | 8.493 | 12 | 47 | 23 | 0 | 0 | 0 | 29 | 0 | 1 |
| 29 | БУТЕЛ | СКОПЈЕ | 37.371 | 4 | 60 | 27 | 3 | 2 | 0 | 3 | 3 | 1 |
| 30 | САРАЈ | СКОПЈЕ | 35.408 | 22 | 4 | 92 | 0 | 1 | 0 | 0 | 3 | 0 |
| 31 | ЧАИР | СКОПЈЕ | 64.823 | | 24 | 57 | 7 | 5 | 0 | 1 | 5 | 2 |
| 32 | ШУТО ОРИЗАРИ | СКОПЈЕ | 20.800 | 1 | 7 | 27 | 0 | 64 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| 33 | АЕРОДРОМ | СКОПЈЕ | 72.009 | 1 | 89 | 1 | 1 | 1 | 1 | 4 | 1 | 2 |
| 34 | ГАЗИ БАБА | СКОПЈЕ | 72.617 | 13 | 74 | 17 | 1 | 3 | 0 | 3 | 1 | 1 |
| 35 | ЃОРЧЕ ПЕТРОВ | СКОПЈЕ | 41.634 | 6 | 85 | 4 | 1 | 3 | 0 | 4 | 1 | 2 |
| 36 | КАРПОШ | СКОПЈЕ | 59.666 | 2 | 89 | 3 | 1 | 1 | 1 | 4 | 0 | 2 |
| 37 | КИСЕЛА ВОДА | СКОПЈЕ | 57.236 | 2 | 92 | 0 | 1 | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 |
| 38 | ЦЕНТАР | СКОПЈЕ | 45.362 | 1 | 85 | 3 | 1 | 2 | 1 | 4 | 0 | 2 |
| ВКУПЕН БРОЈ НА ЖИТЕЛИ ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ | | | **506.926** | | | | | | | | | |
| ВКУПЕН БРОЈ НА ЖИТЕЛИ | | | **1.177.309** | | | | | | | | | |

# Анекс 4

* Податоците за 1992/3 до 2001/2 се два постоечки универзитети „Св. Климент Охридски" - Битола
** Податоците за 2001/2 до 2003/4 се – Скопје, „Св. Климент Охридски" – ЈИЕ во Тетово (основан во 2001
*** Податоците за 2003/4 се универзитети „Св. Кирил и Методиј" Битола и Универзитетот на ЈИЕ во општествени науки во Скопје
****
на

| Година | Вкупно | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Власи | | Срби | | Останати | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Бр. | % | Бр | % | Бр | % | Бр | % | Бр | % | Бр | % | бр | % |
| 1992/93* | 26.299 | 23.770 | 90,4 | 586 | 2,23 | 172 | 0,65 | 13 | 0,05 | 76 | 0,29 | 840 | 3,19 | 842 | 3,20 |
| 1993/94* | 26.834 | 24.998 | 93,1 | 764 | 2,85 | 167 | 0,62 | 9 | 0,03 | 97 | 0,36 | 453 | 1,69 | 346 | 1,29 |
| 1994/95* | 28.569 | 26.183 | 91,6 | 974 | 3,41 | 175 | 0,61 | 17 | 0,06 | 159 | 0,56 | 521 | 1,82 | 540 | 1,89 |
| 1995/96* | 29.153 | 26.481 | 90,8 | 1202 | 4,12 | 219 | 0,75 | 18 | 0,06 | 212 | 0,73 | 528 | 1,81 | 493 | 1,69 |
| 1996/97* | 30.441 | 27.302 | 89,7 | 1408 | 4,62 | 277 | 0,91 | 23 | 0,07 | 234 | 0,77 | 574 | 1,88 | 623 | 2,05 |
| 1997/98* | 31.768 | 28.986 | 91,2 | 1308 | 4,12 | 245 | 0,77 | 35 | 0,11 | 287 | 0,90 | 518 | 1,63 | 389 | 1,22 |
| 1998/99* | 34.850 | 31.095 | 89,2 | 1916 | 5,50 | 371 | 1,06 | 48 | 0,14 | 329 | 0,94 | 666 | 1,91 | 425 | 1,22 |
| 1999/00* | 36.679 | 32.629 | 88,9 | 2028 | 5,53 | 409 | 1,11 | 71 | 0,19 | 374 | 1,02 | 717 | 1,95 | 451 | 1,23 |
| 2000/01* | 40.075 | 35.396 | 88,3 | 2285 | 5,70 | 444 | 1,1 | 108 | 0,26 | 408 | 1,01 | 746 | 1,86 | 709 | 1,56 |
| 2001/02** | 45.493 | 39.777 | 87,44 | 3040 | 6,68 | 601 | 1,32 | 127 | 0,28 | 417 | 0,92 | 822 | 1,81 | 709 | 1,58 |
| 2002/03** | 47.798 | 40.778 | 85,31 | 4292 | 8,98 | 683 | 1,43 | 140 | 0,29 | 440 | 0,92 | 807 | 1,69 | 658 | 1,38 |
| 2003/04*** | 51.311 | 43.645 | 85,06 | 5335 | 10,4 | 608 | 1,18 | 100 | 0,19 | 359 | 0,70 | 701 | 1,37 | 563 | 1,1 |
| 2004/05**** | 61.556 | 48.900 | 79,44 | 9540 | 15,50 | 825 | 1,34 | 188 | 0,31 | 478 | 0,78 | 936 | 1,52 | 689 | 1,12 |
| Извор: Министерство за образование и наука | | | | | | | | | | | | | | | |

однесуваат за тогаш единствените Кирил и Методиј" – Скопје и „Св.

однесуваат на „Св. Кирил и Методиј" Битола, како и за Универзитетот на год.)
однесуваат на трите тогаш постојни – Скопје, „Св. Климент Охридски" – Тетово, заедно со Факултетот за

Податоците за 2004/5 се однесуваат универзитетите „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, „Св. Климент Охридски" – Битола и Универзитетот на ЈИЕ во Тетово, Факултетот за општествени науки во Скопје, заедно со новоотворениот Државен Универзитет во Тетово (почна со работа на 01.01.2004)

## Анекс 5

Следниве табели ја прикажуваат застапеноста на припадниците на заедниците во правосудството (заклучно со 01.05.2005 година):

**ПРЕГЛЕД НА СУДИИ И ВРАБОТЕНИ ВО ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

| Судии | | Вработени | |
|---|---|---|---|
| Македонци | 17 | Македонци | 45 |
| Албанци | 5 | Албанци | 0 |
| Срби | 0 | Срби | 3 |
| Турци | 1 | Турци | 1 |
| Власи | 0 | Хрват | 1 |
| Роми | 0 | **Вкупно** | **50** |
| Други | 0 | | |
| Бошњаци | 1 | | |
| **Вкупно** | **24** | | |

**ПРЕГЛЕД НА СУДИИ И ВРАБОТЕНИ ВО АПЕЛАЦИОНИТЕ СУДОВИ СКОПЈЕ, БИТОЛА И ШТИП**

| Судии | | Вработени | |
|---|---|---|---|
| Македонци | 67 | Македонци | 154 |
| Албанци | 9 | Албанци | 7 |
| Срби | 1 | Срби | 1 |
| Турци | 6 | Турци | 2 |
| Власи | 0 | Власи | 3 |
| Роми | 0 | Роми | 1 |
| Црногорци | 1 | Други | 0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Други | 0 | **Вкупно** | **168** |
| **Вкупно** | **84** | | |

## ОСНОВНИ СУДОВИ – ПРЕГЛЕД НА СУДИИ И ВРАБОТЕНИ ВО ОСНОВНИТЕ СУДОВИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| Судии | | Вработени | |
|---|---|---|---|
| Македонци | 469 | Македонци | 1478 |
| Албанци | 36 | Албанци | 95 |
| Срби | 9 | Срби | 12 |
| Турци | 1 | Турци | 22 |
| Власи | 13 | Власи | 25 |
| Роми | 0 | Роми | 27 |
| Црногорци | 0 | Црногорци | 0 |
| Други | 6 | Други | 13 |
| | | **Вкупно** | **1672** |
| **Вкупно** | **534** | | |

## Јавно обвинителство на Република Македонија

| Јавен обвинител | | Заменици јавни обвинители | | Други вработени | |
|---|---|---|---|---|---|
| Македонци | 1 | Македонци | 7 | Македонци | 12 |
| Албанци | / | Албанци | 3 | Албанци | 1 |
| Срби | / | Срби | | Срби | |
| Турци | / | Турци | | Турци | |
| Власи | / | Власи | | Власи | |
| Роми | / | Роми | | Роми | |
| Други | / | Други | | Други | |
| **Вкупно** | 1 | **Вкупно** | 10 | **Вкупно** | 13 |

## Виши јавни обвинителства

| Јавен обвинители | | Заменици јавни обвинители | | Други вработени | |
|---|---|---|---|---|---|
| Македонци | 2 | Македонци | 19 | Македонци | 25 |
| Албанци | 1 | Албанци | | Албанци | 2 |
| Срби | | Срби | 2 | Срби | |
| Турци | | Турци | | Турци | |
| Власи | | Власи | | Власи | |
| Роми | | Роми | | Роми | |
| Други | | Други | | Други | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 3 | **Вкупно** | 21 | **Вкупно** | **27** |

**Основни јавни обвинителства**

| Јавен обвинители | | Заменици јавни обвинители | | Други вработени | |
|---|---|---|---|---|---|
| Македонци | 16 | Македонци | 121 | Македонци | 123 |
| Албанци | 3 | Албанци | 6 | Албанци | 13 |
| Срби | | Срби | | Срби | |
| Турци | 1 | Турци | 1 | Турци | 1 |
| Власи | 1 | Власи | | Власи | 1 |
| Роми | | Роми | | Роми | |
| Други | | Други | | Други | |
| **Вкупно** | 21 | **Вкупно** | 128 | **Вкупно** | **138** |

Етничка структура на буџетските корисници во РМ

| | Декември 02 | | Јуни 02 | | Декември 03 | | Јуни 03 | | Декември 04 | | Април 05 | | Јули 05 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Етничка Припадност | Број на вработени | % | Број навработени | % | Број на вработени | % | Број на вработени | % | Број на вработени | % | Број на вработени | % | Број навработени | % |
| Македонци | 58.348 | 83,27 | 58.927 | 82,70 | 58.769 | 82,05 | 57.208 | 81,43 | 56.871 | 80,31 | 56.647 | 79,70 | 56.249 | 79.50 |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Албанци | 8.164 | 11,65 | 8.644 | 12,13 | 9174 | 12,81 | 9.448 | 13,45 | 10.294 | 14,54 | 10.735 | 15,10 | 10.828 | 15.30 |
| Турци | 826 | 1,18 | 847 | 1,19 | 905 | 1,26 | 890 | 1,27 | 928 | 1,31 | 954 | 1,30 | 944 | 1.30 |
| Роми | 358 | 0,51 | 365 | 0,51 | 369 | 0,52 | 357 | 0,51 | 376 | 0,53 | 383 | 0,50 | 378 | 0.50 |
| Власи | 321 | 0,46 | 329 | 0,46 | 336 | 0,47 | 332 | 0,47 | 330 | 0,47 | 331 | 0,50 | 335 | 0.50 |
| Срби | 1.215 | 1,73 | 1.22 | 1,71 | 1.204 | 1,68 | 1.172 | 1,67 | 1.172 | 1,66 | 1.180 | 1,70 | 1.200 | 1.70 |
| Босанци | 160 | 0,23 | 165 | 0,23 | 182 | 0,25 | 180 | 0,26 | 181 | 0,25 | 185 | 0,30 | 179 | 0.30 |
| Други | 682 | 0,97 | 753 | 1,06 | 685 | 0,96 | 667 | 0,95 | 660 | 0,93 | 659 | 0,90 | 656 | 0.90 |
| **Вкупно** | **70.074** | 100 | **71.25** | 100 | **71.624** | 100 | **70.254** | 100 | **70.812** | 100 | **71.074** | 100 | 70.769 | 100.0 |
| Извор: Министерство за финансии | | | | | | | | | | | | | | |

Етничката структура на буџетските корисници, заклучно со 31.12.2005 е следнава: 55 070 (78,6%) Македонци, 11 290 (16,1%) Албанци, 993 (1,4%) Турци, 326 (0,5%) Власи, 1 135 (1,6%) Срби, 384 (0,5%) Роми, 192 (0,3%) Бошњаци и 0,9% се други.

Етничка структура на државни службеници

| Етничка припадност | Јануари 2003 | | Декември 2003 | | Декември 2004 | | Јули 2005 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | структура | број | структура | број | структура | број | структура |
| Македонци | 9.567 | 90,55 | 9.719 | 90,27 | 9.283 | 89,67 | 9.190 | 85,31 |
| Албанци | 538 | 5,09 | 605 | 5,62 | 647 | 6,25 | 1.127 | 10,46 |
| Турци | 77 | 0,73 | 77 | 0,72 | 81 | 0,78 | 97 | 0,90 |
| Власи | 88 | 0,83 | 89 | 0,83 | 80 | 0,77 | 86 | 0,80 |
| Срби | 183 | 1,73 | 174 | 1,62 | 161 | 1,56 | 165 | 1,53 |
| Роми | 26 | 0,25 | 19 | 0,18 | 26 | 0,25 | 33 | 0,31 |
| Босанци | 26 | 0,25 | 26 | 0,24 | 23 | 0,22 | 25 | 0,23 |
| Други | 61 | 0,58 | 57 | 0,53 | 51 | 0,49 | 50 | 0,46 |
| **Вкупно** | **10.566** | **100** | **10.766** | **100** | **10.352** | **100** | **10773** | **100** |

Извор: Министерство за финансии

Структурата на државните службеници, според етничката припадност, заклучно со 31.12.2005, ја има следната состојба: 84,88% се Македонци, 10,81% се Албанци, 0,06% се Турци, 0,32% се Роми, 0,80% се Власи, 1,53% се Срби, 0,26% се Бошњаци и 0,44% се останати.

Етничка структура на вработените во општинска администрација.

| Етничка припадност | Општинска администрација | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Со статус на државни службеници | Без статус на државни службеници | Вкупно општинска администрација | |
| | | | број | % |
| Македонци | 329 | 788 | 1.117 | 79,79% |
| Албанци | 78 | 134 | 212 | 15,14% |
| Турци | 10 | 15 | 25 | 1,79% |
| Роми | 1 | 10 | 11 | 0,79% |
| Власи | 2 | 4 | 6 | 0,43% |
| Срби | 1 | 20 | 21 | 1,50% |
| Бошњаци | 0 | 2 | 2 | 0,14% |
| Други | 5 | 1 | 6 | 0,43% |
| ВКУПНО | 426 | 974 | 1.400 | 100% |
| Извор: Агенција за државни службеници<br>Статус: 31.12.2004. | | | | |

Етничка структура на државните службеници - Најнови податоци

| РБ | Националност | 31.12.2005 | |
|---|---|---|---|
| | | **Број** | **%** |
| 1 | Македонци | 8778 | 84,88 |
| 2 | Албанци | 1118 | 10,81 |
| 3 | Турци | 99 | 0,96 |
| 4 | Роми | 33 | 0,32 |
| 5 | Власи | 83 | 0,80 |
| 6 | Срби | 158 | 1,53 |
| 7 | Бошњаци | 27 | 0,26 |
| 8 | Останати | 46 | 0,44 |
| | Непознато | | |
| | **ВКУПНО** | **10. 342** | **100,00** |

Извор: Агенција за државни службеници

Состојба на ден 31.12.2005 година

## Анекс 6

**"ПSKA"("ЧИВИЈА") (весник, месечно, албански)**
Го  издава Претпријатието "Итал ајс" Струга
Решение бр.02-537/2 од 10.07.2003 година
Главен и одговорен уредник Лири Лена
ул. "Сава Михајлов" 2/21 Гази Баба Скопје
**Содржина: забавна - хумор и сатира**
Адреса ул "Караорман" бр.17  - Струга

**"ПРО - КУЛТУРА" (списание,месечно, албански)**
Го издава Агенција за издавачка дејност, филмска продукција и мултимедија Про култура - Тетово
Решение бр.02- 538/2 од 11.07.2003 година
Главен и одговорен уредник Несет Јакупи
село Слатино Тетово
**Содржина: културна**
(теми од културата, уметноста и творештвото)
Адреса ул. "Маршал Тито"  бр.26 Тетово

**"ЖИВОТ  И ЗДРАВЈЕ"**
**(списание, месечно,албански)**
Го издава хуманитарна организација "Децата на мирот" - Скопје
Решение бр. 02- 540/2 од 11.07. 2003 година
Главен и одговорен Веби Рустеми
с.Љубен ул.1 бр.30 а Скопје
**Содржина: информативна, културна, забавна**

(теми за деца кои ќе ја поттикнуваат индивидуалната и колективната иницијатива за подобрување на животот на децата во сите сфери, теми за здравјето на децата и пријателството во мултиетнички средини))
Адреса ул. с.Љубен ул.1 бр.30 а Скопје

**"ВАТРА"(списание,двонеделно,албански)**
Го издава ДНИД Ватра - Скопје
Решение бр.02- 543/2 од 11.07.2003 година
Главен и одговорен уредник Линдита Зендели
ул. "Љуба Ивановиќ" 42/1-9 - Скопје
**Содржина: политичко - информативна, културно забавна.**
(информации за настаните во земјата и странство, коментари, репортажи, интервјуа на афирмирани новинари, литературни критичари, културни достигнувања и сл).
Адреса ул. "Љуба Ивановиќ" бр 42/1 - Скопје

**"АЛТЕРНАТИВА"(списание, месечно, албански)**
Го издава Осман Ахмети с. Лојане - Липково
Решение бр.02- 551/2 од 24.07.2003 година
Главен и одговорен уредник Осман Ахметин
с. Лојане - Липково
**Содржина: културно - информативна и едукативна**
(промоција на културата во периодот на транзицијата, промоција на уметноста и на оние кои се занимаваат со уметност).

**"ТЕТОВСКИ ВЕСНИК" (весник, неделно,македонски и албански)**
Го издава општина Тетово - Тетово
Решение бр. 02-544/2 од 11.07.2003 година
Главен и одговорен уредник Шемседин Ибрахими
ул. "Преспанска" бр.45 - Тетово
**Содржина: информативна**
(теми од областа на комуналното живеење и други актуелни настани во Тетово и околината).

Адреса ул. "Радован Цониќ" бр.103 Тетово

**"ТИМЕ ОУТ"("ТАЈМАУТ") (списание, месечно, македонски и албански)**
Го издава Здружението на граѓани "Интер - етник Проект Куманово" - Куманово
Решение бр.02 - 773/2 од 12.11.2003 година
Главен и одговорен уредник Марија Стојановска
ул. "Доне Божинов" бр.22/32 - Куманово
**Содржина: забавно информативна**
(теми за малдите од областа на музиката, новата технологија, псилогијата, забавата, спортот, модата, културата, традицијата, филмот и слично)
Адреса: ул. "Доне Божинов" бр.11/8 Куманово

**"ЕКО КУЛТУРА"(списание, тримесечно, албански)**
Го издава Здружението "Светлоста на срцето" - Тетово.
Решение бр. 02-867/2 од 19.12.2003 година
Главен и одговорен уредник Берзат Садики
ул."167" бр.6 - Тетово
**Содржина: теми од екологијата**
Адреса: ул. "167" бр.6 - Тетово

**"КЛУБИ ФЁМИЈЁВЕ" ("ДЕТСКИ КЛУБ")**
**(списание, месечно, албански)**
Го издава Здружението "Светлоста на срцето" - Тетово.
Решение бр. 02- 869/2 од 19.12.2003 година
Главен и одговорен уредник Берзат Садики
ул."167" бр.6 - Тетово
**Содржина: теми за ученици од основно образование**
Адреса: ул. "167" бр.6 - Тетово

"ЈЕХОНА Е РЕ"("НОВ ОДЕК")

(списание,десет пати годишно, албански)

**Го издава ДНИД "Ватра" - Скопје**

**Решение 02-26/2 од 20.01.2004 година**

**Главен и одговорен уредник Халил Зендели**

**ул. "Љуба Ивановиќ" бр. 42/1-9 - Скопје**

Содржина: информативна

**(содржини од областа на културата, уметноста, литературата, образованието и науката).**

**Адреса ул. "Љуба Ивановиќ" бр. 42/1-9 - Скопје**

**"ПОИНТ" (весник, месечно, македонски и албански)**

Го издава центарот за јавна партиципација - ЦЈП - Тетово
Решение 02- 152/2 од 16.03.2004 година
Главен и одговорен уредник Мемет Селмани
ул. "106" бр.20 - Тетово

**Содржина: културно образовна, едукативна и забавна.**
(теми за младата популација од областа на образованието, забавата, спортот, културни настани и приредби, насилството во училиштата, злоупотреба на децата, СИДА-та и примери на етничка поделба).
Адреса: "ЈНА" бр.5 - Тетово

**"БИЛТЕН ЗА МЕЃУРЕЛИГИСКА СОРАБОТКА" (публикација,тримесечно, македонски и албански)**
Го издаваат: Македонскиот центар за меѓународна соработка, Македонската Православна црква, Исламската заедница, Католичката црква, Еврејската заедница во Република Македонија и Евангелиско - методистичка црква во Република Македонија со седиште во Скопје.
Решение бр.02-161/2 од 04.03.2004 година
Главен и одговорен уредник Александар Кржаловски
Ул. "Иво Лола Рибар" бр.72/1-6 Скопје

**Содржина: информативна**
(теми за подобрување на информираноста за активностите на црквите и верските заедници во Македонија, особено за меѓуверска соработка).
**Адреса ул. "Никола Парапунов" бб Скопје**

**"АС" (списание, неделно, албански)**
Го издава друштвото за промет и услуги "Ербера" Емин ДООЕЛ - Скопје
Решение бр.02-202/2 од 30.03.2004 година
Главен и одговорен уредник Емин Аземи
Ул. "Тоде Мендол" 94 Куманово
**Содржина: забавна**
Адреса ТЦ "Мавровка"ламела Ц, 9-ти кат Скопје

**"МЕДИКУС" (списание, двапати годишно, албански)**
Го издава Здружението на лекари, стоматолози и фармацефти Албанци во Македонија со седиште во Тетово
Решение бр. 02-196/2 од 24.03.2004 година
Главен и одговорен уредник Ремзи Изаири
Ул.ПЗО "Реума", 1237 Чегране Гостивар
**Содржина: стручно - научна**
Адреса ЈЗО Медицински Центар, бб Тетово

**"КОХА диторе" ("Дневно време") (весник, дневно, албански)**
Го издава Неби Мурсели
Решение бр.02-230/2 од 07.04.2004 година
Главен и одговорен уредник Неби Мурсели
**Содржина: политичка, културно информативна и спортска**
(политички, културни спортски и други настани)
Адреса ДТЦ "Палома Бјанка", кат 4, лок.1-2, Скопје

**"МОНИТОР" (весник, месечно, албански и македонски)**
Го издава Друштвото за печатење и издавачка дејност "Тауер Медија" - Гостивар
Решение бр.02- 365/2 од 01.06.2004 година
Главен и одговорен уредник Арбен Фетахи
Ул. "Браќа Миладиновци" бр.133 Тетово
**Содржина: информативна**
(теми од секојдневниот живот на гршаните од Гостивар и Тетово)
ул. "Гоце Делчев" бр.66 Гостивар

**"ВИЗИОНЕ" ("ВИЗИЈА") (списание, периодично, албански)**
Го издава Здружението на интелектуалци "Демократски клуб" - Скопје
Решение 02-482/2 од 29.07.2004 година
Главен и одговорен уредник д-р Назми Малиќи
ул. "Бајрам Шабани" бр.30 Куманово
**Содржина: стручна**
( публицистички, стручни и научни трудови, коментари, анализи, прегледи под областа на политичките науки, социологијата, правото, економијата, историјата и друго).
ул."Крсте Мисирков" бр.7, Мавровка, локал 71 Скопје

**"СПОРТИ" ("СПОРТ") (весник, неделно, албански)**
Го издава НИП "Култура" - Тетово
Решение бр.02-501/2 од 11.08.2004.година
Главен и одговорен уредник Садри Хусмани
ул."А.Ј.Журчин" бб Тетово
**Содржина: спортска**
(теми за спортот кај нас и во светот)
НИП "Култура С.Х" ул."Борче Кочоски" бр.115 Тетово

**" БОТА Е АРТИТ"("СВЕТОТ НА УМЕТНОСТА")**

**(списание, месечно, албански)**
Го издава НИП "Култура С.Х" Тетово
Решение бр.02-500/2 од 11.08.2004 година
Главен и одговорен уредник Садри Хусмани
ул."А.Ј.Журчин" бб Тетово
**Содржина: стручна**
(теми од книжевноста, филмот, театарот, музиката,балетот, манекенството, карикатурата, склуптурата, спортот идруго).
НИП "Култура С.Х" ул."Борче Кочоски" бр.115 Тетово

**"УЛБЕРИ ПЛУС" ("ВИНОЖИТО - ПЛУС")**
**(списание, месечно, албански)**
Го издава НИП "Улбери - плус" село Шипковица Тетово
Решение бр.02-572/2 од 22.09.2004 година
Главен и одговорен уредник Адем Абдулахи
село Шипковица Тетово
**Содржина: стручна**
(теми од книжевноста, филмот, театарот, музиката,балетот, манекенството, карикатурата, склуптурата, спортот идруго).
НИП "Култура С.Х" ул."Борче Кочоски" бр.115 Тетово

**"АРЕНА" ( весник, дневно, албански)**
Го издава Друштвото за трговија "ИМ-АЛ" Тетово
Решение 02-695/2 од 12.11.2004 година
Главен и одговорен уредник Имер Алиу
село Слатино Тетово
**Содржина: спортска**
(спортски случувања во земјата и во светот )
Зграда на Интерпромет, ул."Маршал Тито" бб Скопје

**"ШЌИПТАРЈА"("АЛБАНКА") (списание,месечно, албански)**
Го издава Друштвото за издавачка дејност, услуги и промет "Шќиптарја" ДООЕЛ - Тетово
Решение бр.02-445/2 од 24.08.2005 година
Главен и одговорен уредник Шефќет Османи
село Шипковица - Тетово
**Содржина: образовно - воспитна**
(теми за семејни прашања и унапредување на правата на жената)
ул. "Истра" бр.19 Тетово

**"ШЌИПТАРЈА Е РЕ"("МЛАДАТА АЛБАНКА") (списание,месечно, албански)**
Го издава Друштвото за издавачка дејност, услуги и промет "Шќиптарја" ДООЕЛ - Тетово
Решение 02 444/2 од 24.08.2005 година
Главен и одговорен уредник Шефќет Османи
село Шипковица - Тетово
**Содржина: образовно - воспитна**
(прашања за деца)
ул. "Истра" бр.19 Тетово

**"ПОГЛЕД" (весник, месечно, српски)**
Го издава Трговско друштво за маркетинг С.В-РСА Скопје
Решение бр.02-329/2 од 17.05.2004 година
Главен и одговорен уредник Миле Раденковиќ
ул. "Партизански одреди" бр.72/107 Скопје
**Содржина: општествено политичка**
(општествено политички теми, културни теми, образовни теми и теми од областа на спортот)
Адреса ул "Партизански одреди" бб - Скопје